АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-89/6
29.03. 2021 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за работата на
# АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ
за 2020 година

www.ap.mk

*Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2020 година е изготвен согласно членот 12 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016,64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), со кој е утврдена обврската на Агенцијата за пошти, најдоцна до 31 март од наредната година, до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишен извештај за работата за претходната година, на усвојување.*

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................................ 6

1. ПОЗИЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ....................................................................... 8

 1.1. Надлежности...................................................................................................... 8

 1.2. Органи на Агенцијата за пошти ........................................................................... 9

 1.3. НПАА - Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија ........................................................................................................................ 10

2. ПРАВНА РАМКА ............................................................................................................ 10

 2.1. Легислатива ....................................................................................................... 10

 2.3. Транспарентност и отчетност за работата ....................................................... 11

3. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР ...................................................................... 11

 3.1. Понудата на поштенскиот пазар –(Лиценцирани даватели на поштенски услуги во 2020 година) ........................................................................................................ 11

 3.2. Управни постапки пред Агенцијата во 2020 година ........................................... 16

 3.3. Финансирање на работата на Агенцијата за пошти- Годишен надоместок за 2020 година ........................................................................................................... 19

 3.4. Судски постапки и постапки за присилно извршување ...................................... 21

 3.5. Следење на поштенскиот сектор и сузбивање на сивата економија .......... 21

 3.6. Јавни набавки ................................................................................................... 22

4. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО УСЛОВИ НА КОВИД 19 -РЕСТИКЦИИ ...... 23

5. СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ АКТИВНОСТИ .............................. 25

 5.1. Статистички извештај за 1-во полугодие од 2020 година споредбено со 1-во полугодие од 2019 година ........................................................................................ 33

 5.2. Истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга ..... 38

6. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ ... 48

 6.1. Веб -банер кампања за информирање на корисниците на поштенските услуги за реклмационите постапки ....................................................................................... 50

 6.2. Е- трговијата и поштенските услуги .................................................................. 51

 6.3. Корисничка ориентираност ............................................................................... 52

7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ............................................... 52

 7.1. Јавен состанок на Агенцијата за пошти .............................................................. 52

 7.2. Меѓународна соработка ..................................................................................... 53

 7.3. Твининг проект „ Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти“ 54

8. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА ........ 56

8.1. Човечки ресурси........................................................................................................... 56

9. РЕГУЛАЦИЈА НА ЦЕНИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА ........................................................................................................................................59

10. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА КОМПЕНЗАЦИСКИОТ ФОНД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА.............................................................. 60

11. СЛЕДЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ПРОЦЕСОТ НА ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ПОСЕБНО СМЕТКОВОДСТВО И АЛОКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ И ПРИХОДИТЕ НА ДАВАТЕЛОТ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА ........................................................................ 61

12. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ............................................................................................. 63

# Вовед

**Агенцијата за пошти** како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во Законот за поштенските услуги[1] (во натамошниот текст: ЗПУ), во текот на досегашното постоење, создаде регулаторен систем кој што освен ЗПУ, го сочинуваат подзаконските акти кои ги подготви и имплементираше Агенцијата.

**Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2020 година** ги сумира активностите кои се превземени во насока на регулирање на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, заштита на правата на корисниците, како и статистички податоци и анализи кои ја покажуваат состојбата на поштенскиот пазар. Воедно, прикажани се активностите кои се однесуваат на следење на универзалната услуга, лиценцирање на даватели на поштенски услуги, водење на управни постапки, како и надзор над спроведувањето на ЗПУ и сузбивање на сивата економија. Презентирани се и иницијативи и соработки, како со домашни, така и со меѓународни институции и тела.

Годишниот извештај на Агенцијата за пошти е сочинет од **12 (дванаесет) поглавја**, во кои се презентирани активностите кои ги спроведе Агенцијата за пошти во текот на 2020 година.

**Првото** поглавје дава преглед на позицијата на Агенцијата, нејзините надлежности, органите на управување и раководење, како и активностите кои ги превзема во насока на усогласување со европското законодавство.

**Второто** поглавје ја опфаќа правната рамка.

**Третото** поглавје опфаќа издавање и ревидирање на дозволи за вршење на поштенски услуги, управни постапки, судски постапки, постапки за јавни набавки, како и надзорот над давателите на поштенските услуги и сузбивање на сивата економија.

**Четвртото** поглавје ја опишува работата на Агенцијата за пошти во услови на Ковид 19 рестрикциите и следењето на состојбите во кои се најде поштенскиот сектор поради мерките за превенција од ширење на корона вирусот.

**Петтото** поглавје дава приказ на активностите на давателите на поштенски услуги, обемот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија, квалитетот на обезбедувањето на универзалната услуга и податоци за капацитетот на поштенската мрежа како и резултати од истражувањето на потребите на корисниците на универзалната услуга.

---

[1] („Службен весник на Република Македонија„ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.275/2019)

**Шесттото** поглавје се однесува на активностите кои беа насочени кон заштита на правата на корисниците на поштенските услуги давајќи информации за претставките и управните приговори во Агенцијата поднесени од страна на корисниците.

**Седмото** поглавје ја опфаќа транспарентноста и меѓународната соработка на Агенцијата.

**Осмото** поглавје се однесува на јакнење на институционалните капацитети, човечките ресурси, реализација на Годишниот план за обуки, Годишниот план за вработување како и оценувањето на административните службеници.

**Деветтото** поглавје ја опишува регулацијата на цени за обезбедување на универзалната услуга.

**Десеттото** поглавје го презентира Извештајот за состојбата на компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга.

**Единаесеттото** поглавје го прикажува следењето и контролата на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга.

**Дванаесеттото** поглавје ги опфаќа финансиските извештаи за 2020 година, завршната сметка и Ревизорскиот извештај спроведен од страна на независен, надворешен ревизор кои се составен дел од овој Извештај.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2020 година беше усвоен од страна на Комисијата на Агенцијата во следниот состав:

- Борче Груевски, претседател на Комисијата;
- Суад Бајрами, заменик претседател;
- Владимир Кироски – член, и
- Билјана Шехтанска – член

# 1. ПОЗИЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

## 1.1. Надлежности

Надлежни за вршење на работите од областа на поштенските услуги се:

- Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија, и
- Агенцијата за пошти.

Согласно со одредбите од ЗПУ, Агенцијата за пошти е надлежна да:

- донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на овој закон;
- го осигури обезбедувањето на универзална услуга;
- обезбедува услови за пристап на корисниците до универзалната услуга;
- спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга;
- донесува одлука за определување на давател на универзална услуга;
- издава Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги по поднесена нотификација;
- овозможи и обезбеди услови за подеднаков пристап до поштенската мрежа;
- го следи обезбедувањето на универзалната услуга;
- формира компензациски фонд и да управува со средствата од компензацискиот фонд;
- ги одобрува и врши контрола на трошоците за обезбедување на универзална услуга;
- го следи работењето на давателите на поштенските услуги во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него;
- го следи развојот на пазарот на поштенските услуги и ја промовира конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги;
- врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно со закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;
- води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите од овој закон и Законот за општата управна постапка;
- води постапки за решавање на спор меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници, меѓу давател на универзална услуга и другите даватели на поштенски услуги;
- бара податоци и информации од давателите на поштенски услуги;
- воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци;

- дава мислење и учествува при подготвувањето на закони, прописи и други акти што се однесуваат на поштенските услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Северна Македонија кон меѓународни договори од областа на поштенските услуги и да го обезбедува нивното спроведување;
- соработува со други државни органи и институции;
- ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата;
- обезбеди информации за корисниците и давателите на поштенски услуги и меѓународните организации и тела;
- спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на поштенските услуги, учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на поштенските услуги;
- врши и други работи во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

## 1.2. Органи на Агенцијата за пошти

Агенцијата ги извршува своите законски надлежности преку органите - **Комисија** и **Директор**.

Според ЗПУ, Комисијата на Агенцијата за пошти се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија.

**Комисијата** на Агенцијата за пошти во 2020 година **одржа 17 состаноци**. Комисијата ја прилагоди својата работа на ново настанатата состојба, настојувајќи и во вакви услови непречено да ги извршува своите надлежности. Состаноците се одржуваа по хибриден – физички/телеконференциски пат, поради почитување на мерките и препораките за спречување на ширење на Ковид 19 вирусот донесени од Владата на Република Северна Македонија.

Согласно своите надлежности, Комисијата во 2020 година го одобри Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2019 година, ја усвои Годишната сметка за 2019 година, ја усвои Годишната програма за работа на Агенцијата за 2021 година, ја донесе Одлуката за вредноста на поенот за 2021 година, воедно работеше и на донесување на општи акти. Во текот на целата година, Комисијата го следеше спроведувањето и реализирањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2020 година. Комисијата на Агенцијата за пошти, како орган на управување, до јули 2020 година работеше во полн состав од 5 (пет) членови и тоа: Борче Груевски-претседател, Суад Бајрами-заменик претседател, Билјана Шехтанска, Владимир Кировски и Кристина Гацоска Јанкулоска- членови. Од јули Комисијата работеше со 4 (четири) со оглед на фактот што на Кристина

Гацоска Јанкулоска и заврши мандатот како член (согласно член 14 став 7 од ЗПУ). Од страна на Собранието на Република Северна Македонија се уште не е именуван нов член на Комисијата.

Орган на раководење на Агенцијата за пошти е директорот кој ја застапува и претставува Агенцијата и е одговорен за законитоста во работењето на истата. директорот ги носи сите решенија по прашања од надлежност на Агенцијата и други одлуки по прашања за кои не одлучува Комисијата. Директорот е одговорен за спроведување на подзаконските и други акти кои ги донесува Комисијата и врши други работи утврдени со ЗПУ и Статутот на Агенцијата.

Директорот доставуваше квартални извештаи со кои ја известуваше Комисијата за сите активности и превземени мерки во корелација со работењето и спроведувањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2020 година.

Со Агенцијата за пошти раководи директорката м-р **Билјана Аврамоска-Ѓореска**, дипломиран правник од Скопје.

### 1.3. НПАА - Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија

Во услови на отпочнување на либерализација на поштенскиот пазар, Агенцијата за пошти во 2020 година продолжи со целосно усогласување на домашната регулатива со европската регулатива со цел преземање на сите активности и мерки за креирање единствен пазар под еднакви услови за работа на сите даватели на поштенски услуги.

Во текот на 2020 година беа започнати активности кои се однесуваа на измени на одредени подзаконски акти заради нивно целосно усогласување со законодавството на ЕУ, како и заради ре/дефинирање на одредени решенија кои придонесоа за подобра имплементација на истите.

## 2. ПРАВНА РАМКА

### 2.1. Легислатива

#### Општи акти на Агенцијата

1. Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти во месец јуни 2020 година претрпе една измена, усогласена со Законот за административни службеници.

2. Со одлука од Комисијата од 20.11.2020 година се промени седиштето на Агенцијата за пошти. Новото седиште на Агенцијата гласи:
    - **Ул. Кеј 13-ти Ноември, ГТЦ кат 2, локал 2, зграда 4, влез 1, Скопје.**

### 2.3. Транспарентност и отчетност за работата

1. На седницата одржана на 9 јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија ја одобри Годишната програма за работа на Агенцијата за 2020 година, со што навремено се создадоа неопходните услови за реализација на планираните активности за оваа година.
2. Комисијата за транспорт, врски и екологија при Собранието на Република Македонија, како матично тело, на првата седница одржана на 02.10.2020 година го разгледа Годишниот Извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2019 година. Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2019 година, се уште не е усвоен од страна на Собранието на Република Северна Македонија.
3. Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2021 година, Комисијата ја донесе во месец ноември 2020 година и во законски утврдениот рок ја поднесе на одобрување до Собранието на Република Северна Македонија.

## 3. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР

### 3.1. Понудата на поштенскиот пазар –(Лиценцирани даватели на поштенски услуги во 2020 година)

Во 2020 година интерес за поштенскиот бизнис покажале 10 (десет) правни лица, а Општо овластување добиле 6 (шест) нови правни лица, споредбено со 2018 година, кога 6 (шест) правни лица за прв пат добиле Општо овластување, додека во 2019 година 10 (десет) правни лица.

Во 2020 година, споредбено и со анализирање на двата параметри:

- *Општо овластување за обезбедување на поштенските услуги (за прв пат), и*
- *Општо овластување за проширување на портфолиото на услуги и мрежа*

Агенцијата дојде до **заклучок** дека интересот за влез на поштенскиот пазар се уште беше во нагорен тренд. На тоа укажуваше се уште неискористениот потенцијал, особено на пазарите на услуги за поштенски пакети.

Споредбено со претходните години и во 2020 година се забележа истата законормерност во растот на поштенските компании кои постепено се дефинираа

на поштенскиот пазар, го консолидираа својот бизнис и потоа бараа Општо овластување за проширување.

Во 2020 година на 4 (четири) даватели на поштенски услуги им се издадени Општи овластувања за проширување на портфолиото на услуги и мрежа и тоа: 3 (три) даватели направиле пробив на пазарите на пакети, 2 (два) даватели ја прошириле својата мрежа на целата територија на државата, а 1 (еден) давател беше овластен да работи и ја проширил мрежата и во меѓународниот поштенски сообраќај.

Во 2020 година нотификации за започнување на обезбедување на поштенски услуги доставиле не само нови старт-ап компании, туку и правни лица од граничните пазари (транспорт и логистика), заради диверзификација на бизнисот. Имаше и правни лица кои доаѓаа од други дејности кои што се погодени од економската криза, но најчесто не ги исполнуваа минимум условите за опременост и оспособеност и не добиваа Општо овластување или се откажуваа од барањето.

Во 2020 година Агенцијата ја лиценцира и првата е-поштенска платформа на „Омни Деливери Скопје", од која допрва се очекува да го развие својот уникатен бизнис модел.

Врз основа на регистарот кој го води Агенцијата за пошти, во текот на 2020 година евидентирано беше присуство на вкупно 47 (четириесет и седум) лиценцирани даватели на поштенски услуги.

| ➢ Цела територија на Република Северна Македонија | |
|---|---|
| ➢ **АД Пошта на Северна Македонија Скопје** | ➢ Универзална услуга во внатрешен и меѓународен сообраќај |
| ➢ **ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје** | ➢ Цела територија на РСМ и меѓународен сообраќај |
| ➢ ИН ТИМЕ МК БПС | ➢ Цела територија на РСМ и меѓународен сообраќај |
| ➢ **РСЕ ОПТИМА Вите ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** | ➢ Цела територија на РСМ и меѓународен сообраќај |
| ➢ **Брза пратка ДООЕЛ Скопје** | ➢ Цела територија на РСМ и меѓународен сообраќај |
| ➢ ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ и меѓународен сообраќај |
| ➢ ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ и меѓународен сообраќај |
| ➢ ДелЦо ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ и меѓународен сообраќај |
| ➢ Еко Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ и меѓународен сообраќај |

| | |
|---|---|
| ➢ Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ ПОСТ ЕСКПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ ЕКСПРЕС ПОШТА ДОО Струмица | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ НОВА ПОШТА ДОО Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ Интернешенел Меил Деливери ИМД ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ Фалкон Логистик –Подружница Фалкон Логистик Курир (ФЛЦ) Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ Балкан-Пост ДОО Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ ГПС-Глобал Постал Сервис ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ БЕ-ДА ГРОУП ДООЕЛ-Подружница БЕ - ДА ЕКСПРЕС Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ Бизнис Деливери 10 ДООЕЛ Скопје | ➢ Цела територија на РСМ |
| ➢ ЕУРО-ЕНЕРЏИ ДООЕЛ - Подружница ЕУРО КАРГО Тетово | ➢ Цела територија на РСМ |

- Преглед бр.3- Понуда 2020- даватели за внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај

| ➢ Ограничено географско подрачје | |
|---|---|
| ➢ ГЛОБАЛ МЕССАГЕ СКОПЈЕ | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ БАТЕ ПЕРЕ ЕКСПРЕС ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ М-Достава ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ ДРД Курир ДОО Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ Премиум Деливери ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град |

| | |
|---|---|
| | Скопје |
| ➢ Еко Пошта ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ ПРОЛОГИС СЕРВИС - Подружница ПРОЛОГИС СЕРВИС сервис ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ Блек Партнер Деливери ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ Анфиленд ДООЕЛ увоз-извоз за Подружница Брза Пошта број еден Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ Сити Пошта ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ ИН ТАЈМ ПОСТ ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ План Експрес ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ Омни Деливери ДОО Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ МГС Деливери ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ Урбан Деливери Сервис ДООЕЛ Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје |
| ➢ ЈОКАМ пошта 2011 ДООЕЛ с.Оровник Дебарца | ➢ Подрачје на општините Охрид и Струга |
| ➢ Мерџановски ТП Тетово | ➢ Подрачје на општините Тетово и Гостивар |
| ➢ АБЦ Пост ТП Госѕивар | ➢ Подрачје на општините Тетово и Гостивар |
| ➢ ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци | ➢ На релација Кавадарци – Скопје -Кавадарци |
| ➢ БРЗА ПРАТКА ПОСТ-М ЛОГИСТИК Тетово | ➢ На подрачјето на општините Тетово и Гостивар |
| ➢ ДМ Јосифоски ДООЕЛ Прилеп | ➢ На подрачјето на општините Прилеп и Крушево |
| ➢ МЕКС Пошта ДОО Скопје | ➢ На подрачјето на град Скопје, Тетово, Гостивар и Куманово |

➢ **Преглед бр.4-Понуда 2020 - даватели на поштенски услуги - локални**

- Во текот на 2020 година, понудата ја креираа 6 -те (шестте) најголеми приватни даватели на поштенски услуги, кои со своите портфолија на поштенски услуги имаа најголем удел на пазарите на поштенски пакети во внатрешниот поштенски сообраќај.

  - Првите 2 (две) најголеми приватни компании - даватели на поштенски услуги, **Карго Експрес Битола** и **ДелЦо Скопје**, имаа (заедно) развиено мрежи од над 80 (осумдесет) поштенски канцеларии и големи сортинг центри со над 5.000 $м^2$, со повеќе од 540 (петтстотини и четириесет) ангажирани лица - поштенски персонал, со над 210 (двеста и десет) возила и вкупно остварен обем од скоро 3.000.000 услуги за пратки (пакети + писма).
  - Следните 4 (четири) даватели беа приближно со еднаков пазарен удел - **Еко Логистик Сервис Скопје**, **Фалкон Логистик Скопје**, **Нова пошта Скопје и ТПЛ Скопје**, со остварен обем на услуги од вкупно околу 2.900.000 услуги за пратки (пакети + писма). Истите вработиле или ангажирале вкупно 358 лица (триста педесет и осум) - поштенски персонал. Само последните 3 (три) компании заедно располагаа со мрежа од 51 (педесет и една) поштенска канцеларија и сортинг и логистички центри со вкупна површина од над 3 200 $м^2$, а во процесите имаа вклучено 160 (сто и шеесет) возила.

Пазарот ја покажа својата динамика особено во последните 3 (три) години, а бројот на лиценцирани даватели на поштенски услуги бележеше забележителен раст.

| **Година** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|
| Број на лиценцирани даватели на поштенски услуги | 38 | 44 | 47 |

Преглед бр.5- Тренд даватели 2018-2020 година

Истовремено во последните 3 (три) години, забележани беа и обратни трендови на откажувањето од пазарната трка, главно на помалите даватели на поштенски услуги кои работеа на одредено географско подрачје (локално) на поштенскиот пазар на писма.

| **Година** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|
| Број на одземени/вратени Општи овластувања | 4 | 3 | 6 |

Преглед бр.6- Тренд престанати дозволи 2018-2020 година

Во 2020 година престанаа да важат Општите овластувања за 6 (шест) даватели на поштенски услуги, кои по различен основ го изгубиле правото за

обезбедување поштенски услуги и тоа: АБЦ Пост Гостивар, Мерџаноски ТП Тетово, ДРД Курир Скопје, Блак партнер деливери Скопје, Премиум деливери Скопје и Прологис сервис Скопје.

Агенцијата во 2020 година постапуваше и во насока на отстранување негативни појави со цел сузбивање на нелојалната конкуренција во поштенскиот сектор и создавање фер услови за пазарен натпревар, не само со регулаторни алатки од нејзина надлежност, туку и со предлог мерки до Владата на Република Северна Македонија. Ефектите од истите беа мерливи преку позитивниот исход во 2 (две) спроведени постапки за вонреден надзор со судска разрешница во декември и во други 2 (две) постапки спроведени за време на првите рестрикции - втор квартал од 2020 година, кога Агенцијата ги запре обидите за вршење поштенска дејност на 2 (две) правни лица кои немаа Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги.

- Состојбата со лиценцирани даватели на поштенски услуги на 31.12.2020 година беше вкупно 41 (четириесет и еден) давател на поштенски услуги, од кои:
  - 40 (четириесет) правни лица со Општо овластување за обезбедување поштенски услуги, и
  - 1 (едно) правно лице, АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија Скопје, со Индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга во внатрешен и во меѓународен поштенски сообраќај.

## 3.2. Управни постапки пред Агенцијата во 2020 година

Во текот на 2020 година Агенцијата за пошти постапуваше по 76 (седумдесет и шест) нови управни предмети од нејзина надлежност - 8 (осум) повеќе од 2019 година и сите 76 (седумдесет и шест) предмети се завршени.

1. Најголемиот дел, 55 (педесет и пет) од постапките се поведени по службена должност, од страна на Агенцијата, од кои 47 (четириесет и седум) се со предмет утврдување на годишен надоместок за давателите на поштенски услуги.
2. Во делот на лиценцирање во текот на 2020 година Агенцијата постапуваше по вкупно 20 (дваесет) управни предмети. Од нив 14 (четиринаесет) се поведени по нотификација за издавање или промена на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги, а 6 (шест) за престанок со обезбедување услуги или укинување на дозволите.
3. По управен приговор од незадоволни корисници на поштенски услуги беа водени 3 (три) постапки и истите беа завршени во законски рок, со издавање Решенија.

4. Во текот на 2020 година беа водени 4 (четири) предмети за извршени надзори, од кои 1 (еден) редовен и 3 (три) вонредни. Редовниот надзор беше спроведен на 26.02.2020 година кај давателот на поштенски услуги Карго Експрес Битола, при што беше составен записник и не беа констатирани прекршоци. Во 3 (три) предмети по вонредни надзори, кај субјектите беа констатирани прекршоци. На 30.04.2020 година беше извршен вонреден надзор во АД Пошта на Северна Македонија Скопје, при што беше констатиран прекршок - неодговарање на рекламација од корисник, неправилност која во меѓувреме беше отстранета од страна на давателот на универзална услуга, по што постапката беше запрена со Решение. Во останатите 2 (два) предмета од вонреден надзор против нелиценцирани правни субјекти, констатирани беа прекршоци по член 80 став 1 алинеја 4 и став 2 од ЗПУ - Обезбедување поштенски услуги без Општо овластување, пришто беа издадени Прекршочни платни налози против правните лица и против одговорните лица во правните лица, во кои беа одмерени санкции- глоба во износ од по 5.000 евра за правните и по 1.500 евра за одговорните лица. По неуспехот на постапките за порамнување, за овие два предмети, Агенцијата поведе прекршочна постапка пред Основниот Кривичен суд во Скопје, против нелиценцираните субјекти Локал Пост Скопје и Б-Пост Скопје како и против нивните управители.

Редовните надзори кои беа планирани со Годишната програма за надзор во 2020 година, заради состојбата на пандемија предизвикана од Ковид 19 вирусот, се спроведоа како увиди во работата на давателите на поштенските услуги, со помал обем на контрола од планираниот и во услови на ограничувања во физичкото присуство.

| Ред бр. | Арх.број на предмет | Содржина | Преземени управни дејствија | Решавање предмети | Број на предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Прекршочни постапки пред надлежен суд. | недостатоци. | | 4 |
| 7 | УП1 бр.02-52<br>УП1 бр.02-53<br>УП1 бр.02-61 | Управни приговори од корисници | Постапување и решавање (преземање други управни дејствија, барање одговор и прибирање документи, проверка, увид, изработка на поединечни акти, евидентирање и документирање) | **УП1бр.02-52** По управен приговор од корисник од Скопје-изготвено Решение од 17.07.2020 година за одбивање на барањето како неосновано,<br>**УП1 бр.02-53** По управен приговор од корисник од Скопје-Решение за отфрлање од 27.07.2020 како ненавремен,<br>**УП1 бр.02-61** По управен приговор од корисник правно лице од Скопје-Решение од 27.10.2020 управниот приговор е одбиен како неоснован. | 3 |
| | УП1 бр.02-02 | Барање за одобрување цени во внатрешен поштенски сообраќај од Пошта на Северна Македонија АД Скопје | Постапување и решавање (прибирање документација од органот и од странката, преписки, задолженија, проверка и анализи, изработка на поединечен акт, евидентирање и документирање) | **Уп1 бр.02-02** - По Барање за промена на цени за обезбедување на универзална услуга од страна на АД Пошта на Северна Македонија, издадено Решение од АП на 14.02.2020 год. со кое се уважува барањето. | 1 |
| 8 | УП1 бр.02-71 | Барање за издавање Извод од службена евиденција од Пошта на Северна Македонија | Проверка на факти од службена евиденција на органот, изработка на поединечен акт, евиденција и документирање | **Уп1 бр.02-71** - Издаден Извод од службената евиденција на Агенцијата на 01.12.2020 | 1 |
| | | **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ** | | | 76 |

Преглед бр.2 - Управна евиденција за предмети

## 3.3. Финансирање на работата на Агенцијата за пошти- Годишен надоместок за 2020 година

- Вредноста на поенот за 2020 година изнесуваше 451,8498 денари согласно Одлуката одобрена од Собранието на Република Северна Македонија на 09.01.2020 година („Службен весник на РСМ„бр.06/2020). Утврдената вредност на поенот Агенцијата ја применуваше за пресметување на годишниот надоместок во 2020 година. Вкупниот број на издадени Решенија за годишен надомест во 2020 година, со употреба на оваа вредност на поенот, изнесуваше 47 (четириесет и седум).
- До крајот на 2020 година, повеќе од 84% од предметите за наплата на Годишниот надомест за 2020 година, беа завршени со доброволно исполнување на паричните обврски од страна на давателите на поштенски услуги.

Врз основа на направената анализа за одржливоста на воспоставениот систем за самофинансирање на работата на Агенцијата, освен степенот на исполнувањето на обврските, беше земена во предвид и динамиката на наплатата на годишниот надоместок од давателите на поштенски услуги, од аспектот на нејзино влијание врз извршувањето на планираните активности на Агенцијата.

Така, од вкупно 45 (четириесет и пет) Решенија за годишен надоместок кои пристигнале за присилна наплата[2] од февруари па до крајот на 2020 година, 20 (дваесет) даватели на поштенски услуги или 44% во рок ги подмириле своите финансиски обврски према Агенцијата за пошти, додека 18 (осумнаесет) даватели

[2] Издадени се вкупно 47 Решенија, а во Извештајот не се вклучени 2 предмети (Бизнис Деливери 10 Скопје и Еуро Енерџи Тетово), за кои се уште тече рокот за доброволно исполнување на обврската.

на поштенски услуги или 40%  плаќале на рати и вон рокот, а 7 (седум) даватели на поштенски услуги  или 16 % не платиле.







**Преглед бр.1 - Ефикасност и динамика на плаќање на паричните обврски кон Агенцијата**

Споредбено со 2019 година, може да се констатира дека во 2020 година се зголеми бројот на даватели на поштенски услуги кои навреме ги подмириле обврските кон регулаторот, но од друга страна за двојно се зголемил бројот на тие што не платиле односно 16%.

Давателот на универзалната услуга, АД Пошта на Северна Македонија, во текот на 2020 година платил само 59% од годишниот надоместок, со што значително влијаеше на забавување и одлагање на некои од планираните активности на Агенцијата за пошти.

- Во последниот квартал од 2020 година, Агенцијата го определи бројот на поени за секој давател на поштенски услуги, врз основа на податоците за обемот на пазарот и видот на поштенски услуги за кои се издадени Општи овластувања, како и вкупниот број на поени на пазарот во 2020 година,  кој е поголем за 305 (триста и пет) поени споредено со претходната 2019 година.

Така вкупниот број на поени утврдени на овој начин, заедно со фиксните поени за давателот на универзална услуга пропишани со ЗПУ, изнесува 53.420 поени.

- Комисијата на Агенцијата за пошти во ноември 2020 година ја определи и вредноста на поенот за 2021 година во висина од 449, 2699 денари.

## 3.4. Судски постапки и постапки за присилно извршување

1. Со Пресудата на Основниот кривичен суд Скопје од 21.10.2020 година, со која правното лице (ВИП пошта ДООЕЛ Скопје) и управителот беа огласени за виновни, и им е изречена прекршочна санкција – опомена, заврши прекршочната постапка ПРК-О-224/20, поведена од Агенцијата на 09.03.2020 година против ВИП пошта ДООЕЛ Скопје, за констатирани прекршоци при надзор извршен во 2019 година.

2. Од вкупно 7 (седум) поведени постапки за присилно извршување пред извршител Благојче Кипровски од Скопје, од почетокот на 2020 година, заедно со 9 (девет) предмети од минатите години, немаше наплата, од причина што правните субјекти или во меѓувреме престанале да постојат или се деловно неактивни. За вакви ненаплатени побарувања од поранешни даватели на поштенски услуги - субјекти кои престанале да работа, Агенцијата води вкупно 20 (дваесет) предмети пред извршител.

3.Стечајната постапка за Ваш Курир Плус Прилеп - поранешен давател на поштенски услуги, во која Агенцијата пријави побарување како стечаен доверител, се уште не е завршена.

## 3.5. Следење на поштенскиот сектор и сузбивање на сивата економија

Агенцијата континуирано го следеше поштенскиот пазар и ги прилагодуваше своите регулаторни инструменти и алатки во насока на креирање амбиент за фер конкурентски натпревар во интерес на сите учесници.

1. Во текот на 2020 година, Агенцијата за пошти изврши проверки и увиди кај 34 (триесет и четири) даватели на поштенски услуги (освен кај АД Пошта на Северна Македонија) за тоа како се спроведуваа регулаторните задолженија за евиденција на обемот и видот на услугите. Врз основа на извршените увиди може слободно да се заклучи дека повеќето даватели имаа евиденција, но истата не дава целосен преглед во однос на адресните податоци. Притоа беше укажано на следното:

⇨неопходноста за уредна евиденција, за тоа дека истата треба да се води на дневна основа според датум на прием на пратката, да ги содржи сите адресни податоци за примач и испраќач, статус на неврачени пратки со датум на враќање кај испраќачот и сл.

⇨адресниците да се пополнуваат целосно со сите податоци за примач и испраќач (име и презиме на физички лица со полна адреса, назив на правно лице со полна адреса), видот на пратката, сумата на откупнината, поштарината, со потпис на куририот и датум на достава и др.

⇨почитување на законските ограничувања за цените на пратките за коресподенција до 50 грама;

⇨почитување на обврските кон Агенцијата за пошти (навремена достава на полугодишните извештаи, навремено плаќање на финансиските обврски и навремено постапување по дописите на Агенцијата), како и почитување на останатите законски обврски поврзани со пратките со откупнина.

2. Агенцијата за пошти, (која е дел од работната група за адресирање и на сивата економија, формирана на иницијатива на Министерството за финансии и со цел сузбивање на даночната евазија во Е-трговијата), презема активности во рамките на своите надлежности и во соработка со давателите на поштенски услуги, откри адреси и точни локации на магацини на 60-на (шеесетина) нерегистрирани е-трговци, во најголем број од Скопје, Куманово, Велес, Струмица и Кавадарци. За сознанијата со сите податоци и докази поднесена беше пријава до надлежниот Државен пазарен инспекторат, кој се прогласи за ненадлежен да постапува. За постапката и исходот, Агенцијата тековно ја информираше работната група за борба против неформалната економија во државата.

## 3.6. Јавни набавки

Во текот на 2020 година Агенцијата за пошти спроведе вкупно 9 (девет) постапки за јавни набавки согласно претходно донесениот План за јавни набавки за 2020 година, и сите се завршени до крајот на календарската година. Вкупниот износ на вредноста на сите 9 (девет) договори изнесуваше 3.412.677,00 денари.

1. За јавната набавка – "услуги" склучени се 4 (четири) договори (2 (два) договори се склучени за 2 (две) годишна набавка) со вкупна вредност на договорите од 2.452.240,00 денари и тоа за: Резервација и набавка на авио билети; Истражување на потребите на корисниците на универзална услуга; Ревизија на

финансиски извештаи за 2020 и 2021 година и Изработка на анимирано видео и веб банер за рекламирање.

2. За јавната набавка – "стоки" склучени се 4 (четири) договори со вкупна вредност на договорите од 352.307,00 денари и тоа за: Набавка на телефонска опрема; Компјутери и компјутерска опрема, Канцелариски мебел и Репрезентативен материјал-печатени предмети.

3. За јавната набавка - "работи" склучен е 1 (еден) договор со анекс и тоа за: Адаптација на деловен простор, со вкупна вредност од 607.530,00 денари.

За другите набавки под праговите и за посебни услуги потрошени беа вкупно 816.038,00 денари со вклучен ДДВ. Податоците за спомнатите набавки беа/се јавно достапни во евиденцијата на ЕСЈН, креирана врз основа на пријавените квартални известувања од Агенцијата за пошти за 2020 година, согласно обврските од Законот за јавните набавки.

## 4. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО УСЛОВИ НА КОВИД 19 -РЕСТИКЦИИ

Во 2020 година Агенцијата со зголемено внимание пристапи кон следење на состојбите во кои се најде поштенскиот сектор поради мерките за превенција од ширење на вирусот Ковид 19.

Во услови на задолжителните мерки за зачувување на здравјето на граѓаните, давателите на поштенски услуги се соочија со бројни пречки во работата, со прекин и рестрикции во транспортот, со изолација на региони и градови и со ограничувања на движењето. Со затворањето и рестрикциите кај институциите и фирмите, ограничен беше и пристапот до клиентите и до корисниците на нивните услуги. Состојбата кај поштенските давателите беше особено неповолна во втората половина на март, кога се бележи најголемиот пад во обем, а со затворање на границите и прекинот на авио сообраќајот запреа и услугите за меѓународни пратки. Последново особено го погоди давателот на универзалната услуга АД Пошта на Северна Македонија.

Сепак, за да обезбедат континуитет и да ја одржат продуктивноста, давателите мораа брзо се прилагодат на новите услови и да се консолидираат во работата. Изложени на големи предизвици, поштенските компании постојано ги адаптираа своите операции кон потребите на пазарот, динамичните барања на клиентите и корисниците, но и на безбедносните мерки за превенција од заразата.

- За цело тоа време, консултациите и соработката меѓу давателите и регулаторот се одржуваа на високо ниво, а Агенцијата многу посветено работеше да помогне во совладување на пречките, со кои се судрија давателите на поштенски услуги. Започнувајќи од надлежностите како регулатор, најпрво беа одложени планираните редовните надзори и контроли, присилната наплата на долговите и прекршочни постапки кон давателите на поштенски услуги. Се зема во предвид и во континуитет се следеше постојаното менување на здравствените, економските и специфичните услови и во секторот и општо, па соодветно и навремено се реагираше.

Беа преземени значајни иницијативи и активности насочени кон Владата на Република Северна Македонија и Главниот Координативен Кризен Штаб, укажувајќи постојано на значењето на поштенскиот сектор во економскиот живот во државата, како и на важноста на физичката достава по пошта.

Притоа, познавајќи ги потребите на давателите на поштенските услуги започнувајќи од април во три наврати, Агенцијата за пошти и предложи на Владата на Република Северна Македонија, да усвои вкупно 15 (петнаесет) поединечни мерки за нивна поддршка и помош (финансиски и нефинансиски). Од предложеното, Владата и надлежните органи најбрзо реагираа со мерките за обезбедување и гарантирање на слободата за пренос за сите поштенски пратки и услуги (писма, пакети, пратки од е-трговија, експрес) за сите модалитети на транспорт, особено за патниот. Некои од предлозите на Агенцијата за финансиска поддршка беа интегрирани во генералните Владини пакет мерки за поддршка на фирмите и економијата, а некои беа оставени за разгледување подоцна.

Без оглед на ефектите од предложените мерки и заложби во изминатите месеци на севкупни рестрикции, Агенцијата остана на ставот дека за ефективна и ефикасна секторска регулација и поддршка е потребно поголема вклученост на сите чинители на државата кои се надлежни креатори на регулаторниот амбиент. Воедно, Агенцијата ценеше дека е важно да се потенцира дека креаторите на политиките, во иднина не би смееле да останат без мултисекторски одговор на појавата на сив пазар во доставата, за што беше укажано во перидот на воведување на рестрикции на движење и полициски час, со доставата на хуманитарна помош и храна од нерегистрирани доставувачи и таксисти. Агенцијата укажа и на единиците на локалната самоуправа да ги обврзат дежурните снабдувачи со храна со стандарди за достава на сопствените производи или во спротивно да користат исклучиво лиценцирани даватели на поштенски услуги.

Агенцијата за пошти реагираше и на неизбалансираниот пристап на државните мерки за електронска достава на комуналните и други сметките за граѓаните, кои директно го погодија пазарот на услуги за писма, како мерки кои се во интерес исклучиво на операторите на електронски услуги и банкарскиот сектор. Агенцијата за пошти интервенираше со предлог за измена на Уредбата со законска

сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба, со аргументи за негативните ефекти од таа Уредба врз поштенскиот сектор (за што и давателот на универзалната услуга даде целосна поддршка), но за жал без успех.

Агенцијата укажуваше дека поштенската достава на сметките за граѓаните и фирмите е без контактна и најбезбедната поштенска услуга во услови на мерки за одржување на социјална дистанца. Истата е во функција на зачувување на здравјето на граѓаните, со оглед дека се работи за услуга за обично писмо што се доставува во поштенско сандаче.

Имајќи ги во предвид новонастанатите состојби кои беа предизвикани од пандемијата, Агенцијата за пошти постојано апелираше до надлежните институции да сметаат на домашната поштенска индустрија како на клучна за одржување на економијата, а поштенската мрежа да ја смета за критична инфраструктура на државата. Прекинот на патничките авио летови ја зголеми свесноста дека државата е отсечена за транспорт на пратки по воздушен пат поради неповрзаност со карго летови (единствениот редовен карго лет кој слетува и полетува од државава од прекинот на 16.03.2020 година до крајот на 2020 година е авионот на DHL).

Онлајн купувањето во време на рестрикциите трајно ги промени навиките на граѓаните и фирмите, поради што и според анализите на Агенцијата за пошти, тоа несомнено е фактор со најголемо влијание врз интензивирањето на поштенската активност во 2020 година.

# 5. СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Во рамките на своите надлежности Агенцијата за пошти изготви анализи и статистички извештаи за пазарот на поштенските услуги.

Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2019 година[3] беше изготвен во текот на 2020 година и во истиот беа прикажани податоците за активни даватели на поштенските услуги, за вкупниот остварен обем на поштенски услуги, за бројот на рекламации по поштенски пратки, за развојот на мрежата за достава на поштенски пратки.

Од 44 (четириесет и четири) даватели на поштенски услуги кои работеле во 2019 година, обврската за доставување на полугодишни извештаи до Агенцијата за пошти ја исполниле 34 (триесет и четири) даватели на поштенски услуги, кои беа анализирани во наведениот Статистички извештај.

[3] http://www.ap.mk/mk/statisticki-izvestai-postenski-uslugi

## Краток Преглед на податоците содржани во Статистичкиот Извештај

Вкупниот број на вработени во поштенскиот сектор во 2019 година изнесуваше 3, 243 лица, од кои 2,107 вработени во давателот на универзалната услуга, а останатите 1,136 кај давателите на поштенски услуги (Табела 1).

***Табела 1: Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор***

| | 2019 година |
|---|---|
| ***А.Д. Пошта на Северна Македонија*** | 2,107 |
| ***Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар*** | 1,136 |
| ***Вкупно*** | 3,243 |

Бројот на вработени во АД Пошта на Северна Македонија во 2019 година бележеше намалување во однос на претходната година за 2 %, додека бројот на вработени кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар во однос на 2018 година беше зголемен за 37 %.

***Графикон 1: Движење на број на вработени лица на пазарот на поштенските услуги (2014-2019 година)***




Анализирајќи ги податоците кај давателите на поштенски услуги беше забележано зголемување во однос на 2014 година од дури 110%, и трендот на зголемување продолжуваше секоја година. Зголемувањето на бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги сигнализираше дека се развива конкуренцијата односно растот и развојот на поштенскиот пазар.

*Во поштенскиот сектор според последните статистички податоци работеле **0.4 % лица** од вкупниот број вработени лица во Република Северна Македонија за 2019 година.*

Обемот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија во 2019 година изнесувал 41,088,231 милиони поштенски пратки што укажуваше на зголемување од 5.2 % во споредба со 2018 година. Процентот на зголемување на вкупниот обем беше резултат на зголемување на обемот и кај АД Пошта на Северна Македонија, но и кај давателите на поштенски услуги.

***Графикон 2: Вкупен обем кај Пошта на Северна Македонија и кај другите даватели на поштенски услуги 2014-2019 година***




Во текот на 2019 година АД Пошта на Северна Македонија остварила вкупен обем од над 35 милиони поштенски пратки, што значеше зголемување од 1,6 % во однос на 2018 година (ова е многу мал процент, но значителен да се потенцира од аспект што давателот на универзалната услуга со години бележеше намалување на својот обем).

***Графикон 3: Вкупен обем -Пошта на Северна Македонија 2014/2019 година***




Во рамките на универзалната услуга отпаѓаат 35.654.670 пратки односно 99 % од вкупниот остварен обем.

Доколку се анализираат поединечно видовите на услугите кои ги обезбедуваше АД Пошта на Северна Македонија во 2019 година, воочен беше зголемен обем на пратките за коресподенција, пакетите и печатените работи додека обемот на директната пошта споредбено со 2018 година беше намален.

*Табела 2: Обем на пратки за коресподенција – Пошта на Северна Македонија 2015-2019 година*

| | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен обем на пратки за коресподенција** | 42,497,406 | 39,905,018 | 35,895,950 | 33,357,187 | 33,509,674 |

Од вкупно остварениот поштенски сообраќај во АД Пошта на Северна Македонија во 2019 година, најголем процент 93 % заземаа услугите остварени од обезбедување на пратките за коресподенција, а од нив 82 % беа обичните писма.

*Графикон 4: Анализа на писма – Пошта на Северна Македонија 2019 година*




АД Пошта на Северна Македонија остварениот обем на поштенските услуги најмногу го генерираше од обезбедување на услугите во внатрешен поштенски сообраќај и тоа значителни 82% од остварениот сообраќај се однесуваа на пратките за коресподенција во внатрешен сообраќај.

*Табела 3: Поштенски пратки во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај – Пошта на Северна Македонија 2019 год.*

| *Пошта на Северна Македонија* | | |
|---|---|---|
| **Вид на пратка** | **Внатрешен сообраќај** | **Меѓународен сообраќај** |
| **Пратки за коресподенција** | 29,368,114 | 4,141,560 |
| **Пакети** | 90,325 | 21,561 |
| **Печатени работи** | 1,005,278 | 979,970 |
| **Директна пошта** | 47,862 | 0 |

Во 2019 година беше забележано зголемување на обемот на пакетите кај АД Пошта на Северна Македонија во однос на 2018 година и тоа за 26,5 %. Давателот на универзалната услуга постојано бележеше опаѓање на оваа услуга и покрај трендовите на зголемување на потребата од оваа услуга. Тоа доведе до заклучок: дека зголемувањето се должи на менување на портфолиото на работењето и согледувањето на можностите и предностите на оваа услуга.

*Табела 4: Број на пакети – Пошта на Северна Македонија 2014 -2019год.*

| ***Пошта на Северна Македонија*** | **2014 година** | **2015 година** | **2016 година** | **2017 година** | **2018 година** | **2019 година** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Пакети*** | 116,012 | 109,300 | 112,229 | 110,488 | 88,481 | 111,886 |

Во период од 2008 година до 2019 година, Агенцијата за пошти има издадено вкупно 69 (шеесет и девет) Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги, а до крајот на 2019 година на пазарот работеле 44 (четириесет и четири) даватели на поштенски услуги. Одредени даватели самоиницијативно го напуштија поштенскиот пазар, додека одредени даватели останале без Општи овластувања по постапување на Агенцијата за пошти.

Од 44 (четириесет и четири) давателите на поштенски услуги кои работеле во 2019 година, 14 (четиринаесет) даватели имаа зголемување на обем на пратки на коресподенција, 8 (осум) даватели имаа зголемување на обемот на пакети, додека останатите забележаа намалување на обемот или започнале со работа во 2019 година.

*Табела 5: Обем на пратки за коресподенција кај давателите на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар 2014-2019 год.*

| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пратки за коресподенција** | *905,518* | *922,561* | *934,703* | *616,288* | *1,379,730* | *2,357,633* |

Во 2019 година забележан беше голем пораст на обемот на пратките за коресподенција кај давателите на поштенските услуги. Зголемувањето на пратките за коресподенција кај давателите на поштенски услуги беше речиси 70 % повеќе споредбено со 2018 година. Зголемувањето се должеше на зголемениот обем на препорачаните писма. Намалувањето на обемот на обичните писма се должеше на потребата од користење пратки со кои се обезбедува потврда за достава, но и обезбедени од ризици на кражба, оштетување и сл.

**Од доставените податоци се дојде до заклучок дека 8 (осум) даватели на поштенски услуги имаа 75% од остварениот вкупен обем.** *Обемот на пратките за кореспонденција го обезбедуваа 41 (четириесет и еден) давател, а 3 (три) даватели имаа 70% удел во остварениот обем. Услугата пакети ја обезбедуваа 28 (дваесет и осум) даватели, а од нив 3 (три) даватели оствариле 78 % од вкупниот обем.*

*Табела 6: Обезбедување на услугата –пакети кај даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар – 2014/2019 година*

| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пакети** | *966,183* | *1,214,329* | *968,383* | *1,170,554* | *1,254,526* | *2,153,277* |

Обемот на пакетите кај давателите на поштенските услуги во 2019 година бележеше зголемување од 71 % во однос на 2018 година.

*Графикон 5: Остварен сообраќај кај даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар 2014 – 2019 година*



Давателите на поштенски услуги околу 99 % од обемот го остваруваа во внатрешниот сообраќај. Вкупниот обем беше подеднакво остварен и тоа: 46% од пратките за коресподенција и 41% од услугата пакети.

Во 2019 година имаше зголемување на пратките по глава на жител и на тој начин се прекина трендот на опаѓање кој се случуваше изминативе 3 години. Така, ако бројот на пратки во 2018 година изнесуваше 18,7 по глава на жител, во 2019 година беше зголемен на 19,8 пратки по глава на жител.

***Табела 7: Остварени поштенски пратки во Република Северна Македонија по глава на жител 2014 – 2019 година***

| | *2014 година* | *2015 година* | *2016 година* | *2017 година* | *2018 година* | *2019 година* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Број на пратки по глава на жител*** | *24,1* | *22,7* | *21,8* | *19,6* | *18,7* | *19,8* |

Доставата на поштенските пратки давателот на универзалната услуга ја вршеше преку пошторазнесувачи и преку поштенски преградоци, лоцирани во поголемите поштенски единици во населените места во Република Северна Македонија. Доставата на поштенските пратки се обезбедуваше преку 496 пошторазнесувачи и 262 договорни поштари на 918 доставни реони кои ја покриваат цела територија на Република Северна Македонија од кои 44,7 % се во урбано подрачје, а 55,3% во рурално подрачје. Испораката на поштенски пратки во поштенските единици се вршеше преку 6,539 поштенски преградоци.

Од сите даватели на поштенските услуги во 2019 година, 6 (шест) даватели обезбедуваа услуги и во меѓународен сообраќај, 18 (осумнаесет) даватели на целата територија на Република Северна Македонија и останатите на одредено географско подрачје во државата.

Вкупниот приход кај сите даватели на поштенски услуги во 2019 година во однос на 2018 година беше зголемен за околу 11%.

*Графикон 6: Движење на приходите кај давателите на поштенските услуги 2014/2019 година (изразено во денари)*




Процентот на вкупните остварени приходи од поштенскиот сектор во однос на вкупните приходи во Република Северна Македонија изнесуваше 0,32 % во однос на вкупниот остварен БДП во 2019 година (приходи од поштенски услуги 2,206,710,735 денари, а вкупно во Република Северна Македонија 689,425 милиони денари).

Во 2019 година кај давателот на универзалната услуга беа поднесени 1334 рекламации и споредбено со изминатите години имаше намалување за околу 10% .

*Графикон 7: Вкупен број на рекламации (2014- 2019 година) Пошта на Северна Македонија*



**Графикон 8: Рекламации кај Пошта на Северна Македонија и кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар**




## 5.1. Статистички извештај за 1-во полугодие од 2020 година споредбено со 1-во полугодие од 2019 година

Агенцијата за пошти согласно своите надлежности за следење и анализа на пазарот изготви краток Статистички извештај за првото полугодие за 2020 година[4] и направи споредба за развој на пазарот споредбено со 2019 година за истиот период[5]. Анализите покажаа дека во првото полугодие 2020 година има намалување на вкупниот обем изразен преку сите поштенски услуги. Намалување на остварениот обем најмногу се должеше пред се на состојбата со пандемијата предизвикана од Ковид 19 вирусот и променетите услови за обезбедување на поштенските услуги.

ЦЕЛТА на Извештајот беше да ги илустрира состојбите на поштенскиот пазар, комбинирајќи ги податоците од првото полугодие од 2020 година, со компаративен пристап на податоците од првото полугодие од 2019 година и на тој начин **да се даде слика за вкупниот развој на поштенскиот сектор,** односно дали одредени услуги се во опаѓање или зголемување.

Воедно, Извештајот беше изготвен и во насока да даде практични, корисни и употребливи податоци, како за давателите на поштенските услуги кои веќе работат во секторот, така и за компаниите кои планираат да влезат на овој исклучително динамичен пазар.

---

[4] *Краток статистички извештај за првото полугодие 2020 година*

[5] *Споредбени графикони 2019 година и 2020 година прво полугодие*

*Графикон 1. Удел на давателите на пазарот на поштенски услуги*




Остварениот удел на пазарот на сите даватели на поштенски услуги изразен во проценти покажа дека давателот на универзалната услуга има скоро 88% од вкупниот обем на поштенскиот пазар, но има намалување за сметка на зголемување на овој обем кај останатите даватели на поштенскиот пазар, што е потврда дека конкуренцијата во континуитет се развива и зазема добар дел од вкупниот обем.

*Графикон 2. Остварен обем на даватели на поштенски услуги*




Остварениот обем на поштенски услуги изразен во милиони пратки споредбено 2020 година со истиот период 2019 година бележи опаѓање кај сите даватели на поштенски услуги (давателите на поштенски услуги имаа намалување од 4%, а кај давателот на универзална услуга од 15,9 %).

*Графикон 3. Остварен обем на поштенски услуги на поштенскиот пазар*




Вкупен остварен обем за последните три полугодија покажуваа дека обемот е во постојано опаѓање. Во првото полугодие на 2020 година опаѓањето од 15%, се должеше пред се на состојбите предизвикани со пандемијата.

*Графикон 4. Обем на поштенски услуги по вид на услуга*




Вкупниот обем на поштенски услуги во рамките на универзалната услуга и надвор од универзалната услуга остварен од сите даватели на поштенскиот пазар имаше намалување:

- 16% во рамки на универзалната услуга
- 3,7 % надвор од универзалната услуга

*Графикон 5 Вкупен обем на универзална услуга*




Остварениот обем во рамки на универзалната услуга од сите даватели на поштенскиот пазар беше во големо опаѓање во првото полугодие на 2020 година.

*Графикон 6. Остварен обем на универзалната услуга по вид на пратки прво полугодие 2020 година*




Најголем обем е остварен од пратките за коресподенција и тоа дури 88%.

*Графикон 7. Остварен обем на поштенски услуги по вид на пратки*




*Графикон 8. Остварен обем на поштенски пратки по вид на сообраќај*




Остварениот обем на поштенските пратки најмногу беше генериран во внатрешниот сообраќај и тоа 89% во првото полугодие на 2020 година.

## 5.2. Истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга

Агенцијата за пошти во делот на следење и анализа на пазарот односно дефинирање на критериуми и спецификации при спроведување на истражувања од нејзина надлежност, во текот на 2020 година за прв пат преку независна компанија направи **Истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга.**

Истражувањето даде одговори колку обезбедувањето на поштенските услуги од страна на давателот на универзалната услуга "АД Пошта на Северна Македонија" ги задоволува потребите на корисниците. Врз основа на добиените одговори, Агенцијата за пошти во наредниот период ќе се креира политики и регулаторни мерки согласно потребите на корисниците во поглед на достапноста, доставата на поштенските услуги, квалитетот и цената на услугите.

Истражувањето беше реализирано со **квантитативна истражувачка методологија** односно користени беа истражувачките техники: интервјуа лице-в-лице, телефонски интервјуа и веб - засновани/онлајн интервјуа.

Истражувањето овозможи добивање на објективни и релевантни податоци на потребите на корисниците од поштенските услуги (согласно на тоа се наметна потребата од креирање на нови поштенски услуги, усогласување на потребите во услови на зголемена е - трговија, електронска субституција и сл).

Истражувањето опфати физички корисници од урбани, рурални и тешко достапни населени места, како и правни лица од мали, средни и големи претпријатија. Истражувањето беше спроведено во сооднос 70 : 30 во корист на бизнис корисниците, а вкупно 600 лица (физички и правни) беа испитани.

Репрезентативноста на испитаниците правни лица беше обезбедена според најновите податоци на активни деловни субјекти за 2019 година по дејност од Државниот завод за статистика.

(извор: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=79&rbr=3262).

Репрезентативноста на физичките корисници беше обезбедена според најновите податоци за проценка на населението по региони и место на живеење од 2015 година според Државниот завод за статистика.

Врз основа на овие податоци се структурираше стратификуван репрезентативен примерок со случаен избор на домаќинство и член на домаќинството кој се интервјуираа.

## Клучни поенти: физички лица

①Поштенските единици најмногу ги користат повозрасните лица и потребата за истите е поголема, што е и очекувано од причина што помладата популација користи интернет поволности.

②Универзалната услуга е услуга достапна до најкрајниот и најранливиот корисник.

③Главни причини за незадоволство од поштенските услуги се односот на вработените 50% и застарените процедури 50%.

④57% од испитаниците сметаат дека е добро и корисно давателот на универзалната услуга да ги обезбедува своите услуги не само во нивните деловни простории преку нивниот персонал, туку и преку договорни пошти (приватни продавници, продажни места, трговија, бензински пумпи).

⑤61 % од испитаниците сметаат дека е потребна достава на поштенски пратки секој работен ден од понеделник до петок и тоа е искажано од корисници од возрасната група од 25 -34 години.

⑥19 % и 12% од испитаниците сметаат дека може да има и помалку денови за достава на поштенски пратки.

⑦57% од испитаниците сметаат дека е доволно три пати во неделата да има достава на поштенски пратки и 60% од испитаниците се за достава во понеделник среда и петок.

⑧Над 50% од испитаниците се сложуваат да има достава на поштенски пратки на домашна адреса во сабота.

⑨Постапката за поднесување на рекламација како форма на искажување на незадоволство од обезбедена услуга по различен основ е непозната за дури 77% од испитаниците. Само 23% изјавиле дека се запознаени со оваа постапка.

⑩Една третина 32% од испитаниците се подготвени да платат повисока цена за поштенските услуги со цел да се зголеми квалитетот на услугите, додека 56% не се подготве ни да платат повеќе за подобар квалитет.

⑪73% од испитаниците се согласуваат дека поштенските услуги се важна гранка во услови на пандемија, од причина што поштенските услуги се едни од единствените начини на комуникација на луѓето каде е ограничено движењето.

⑫Речиси две третини односно 60% од испитаници користеле поштенски услуги од друг давател на поштенски услуги покрај услугите на давателот на универзалната услуга и тоа во главно испитаници на возраст од 18-54 години.

⑬Основна причина за користењето на овие конкурентски компании се брзината на достава 71% и прием на пратките 66%.

## Графички прикази

***Графикон 1. Кои поштенски услуги ги користите генерално или вообичаено при посета на поштенската единица? (може повеќе одговори)***




***Графикон 2. Доколку имате конкретни предлози за начинот на подобрување на условите за пристап до поштенските услуги предложете***




***Графикон 3. Колку сте задоволни од растојанието на најблиското поштенско сандаче од вашиот дом?***




***Графикон 4. Колку писма испраќате во просек месечно (вклучувајќи разгледници)?***




*Графикон 5. Колку пакети до 2 кг испраќате просечно во година?*




*Графикон 6. Колкав дел од сите писма што ги добивате месечно се сметки?*






***Графикон 7. Колку годишно нарачувате пратки преку интернет?***



*Графикон 8. На кој начин сметате дека поштенските услуги може да се обезбедуваат со цел заштита на корисниците на услугите?*




## Клучни поенти - правни лица

①55% од испитаниците -деловни корисници најчесто користат услуги на подигање или испраќање на препорачана пратка, пратка со означена вредност или пакет, како и прием и подигање на писма, сметки, честитки итн. на адреса на фирмата.

②Како основни причини за своето незадоволство ги наведуваат проблемите со доставата дури 91%, како и застарените процедури 65%. Други причини за незадоволство се односот на вработените 38%, локацијата и цените 25% и краткото работно време 21%.

③Две третини од испитаните деловни корисници 64% изјавуваат дека заради електронската пошта користат помалку поштенски услуги, додека 32% не се согласуваат со овој став.

④52% од деловните корисници сметаат дека давателот на универзалната услуга треба да го достави писмото до примачот нареден работен ден (Д+1), 30% дека треба достават да биде Д+2, 10% сметаат дека тоа треба да биде Д+3, а само 4% дека доставата треба да биде Д+4.

⑤37% од деловните испитаници изјавиле дека се запознаени со постапката за поднесување на рекламации кај поштенскиот оператор за изгубени, оштетени поштенски пратки и пречекорување на рокот за достава, итн., додека 63% не ја знаат оваа процедура.

⑥Три четвртини односно 75% од деловните корисници користеле поштенски услуги од друг давател на поштенски услуги покрај услугите на давателот на универзалната услуга, додека 35% не користеле услуга од друг давател.

⑦Основна причина од корисниците и на други даватели на поштенски услуги, за користењето на другите компании е нивната брзина на достава 79% и брзината на приемот 69%.

⑧Во однос на подготвеноста да се плати повисока цена за зголемен квалитет на поштенските услуги, 40% од деловните испитаници се подготвени да платат повеќе, 45% не би платиле повеќе а 15% се неодлучни т.е. не знаат.

⑨Во периодот на пандемијата на Ковид 19, 39% од деловните испитаници сеуште добиваат сметки по пошта, 28% започнале да добиваат електронски сметки, а 33% ги користат електронските сметки и пред почетокот на пандемијата.

⑩61% од деловните испитаници изјавиле дека немаат зголемена onilne нарачка на пратки, додека 39% ја зголемиле online нарачката на пратки во периодот на пандемијата на Ковид 19.

## Графички прикази

***Графикон 1. Кои поштенски услуги ги користите генерално или вообичаено при посета на поштенската единица?***




***Графикон 2. Рековте дека генерално не сте задоволни, што е главната причина за вашето незадоволство? (може повеќе одговори)***



***Графикон 3. Дали мислите дека е во ред Пошта на Северна Македонија да ги обезбедува своите услуги не само во нивните деловни простории преку нивниот персонал, но и преку договорни пошти (приватни продавници, продажни места, трговија, бензински пумпи)***




***Графикон 4. Колку пакети до 2 кг испраќате просечно во година?***




***Графикон 5. Колкав дел од сите писма што ги добива вашата компанија месечно се сметки?***



*Графикон 6. За колку дена мислите дека Пошта на Северна Македонија треба да го достави писмото до примачот? (Д – ден на достава)*




*Графикон 7. Дали ви е потребна достава 5 пати во неделата или ќе биде доволно да имате достава секој втор работен ден?*




*Графикон 8. Кои од наведените фактори за квалитетот на обезбедување на поштенските услуги ви се најважни? (може повеќе одговори)*



*Графикон 9. Дали сте подготвени да платите повисока цена за поштенските услуги со цел да се зголеми квалитетот на услугите?*




*Графикон 10 Дали за време на пандемијата на Ковид 19 која сеуште трае, имате зголемена онлајне нарачка на пратки?*



# 6. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Поштенските услуги сè уште останувааt неопходен сегмент на комуникацијата меѓу сите субјекти од државниот сектор, бизнис заедницата, како и меѓу физичките лица, иако живееме во евидентен информатички развој на општеството во сите негови сфери.

Агенцијата за пошти од комуникацијата со корисниците на поштенски услуги добиваше сознанија за нивните реални потреби. Од тука, Агенцијата настојуваше и успеа да биде апсолутно достапна за да им одговори на сите нивни прашања поврзани со работењето на лиценцираните даватели на поштенски услуги. Агенцијата ги информираше, советуваше за тоа како да ја добијат соодветната услуга и секако доколку имаа некаков проблем, да им помогне и да ги насочи правилно да го решат истиот.

Во 2020 година во Агенцијата беа примени **35 претставки** и **3 управни приговори од незадоволни корисници**.

По управните приговори (УПI бр.02-52, УПI бр.02-53, УПI БР.02-61) Агенцијата за пошти постапи соодветно и во законски даден рок донесе решенија.

- Во управниот приговор со **УПI бр.02-52** поднесен од физичко лице, Агенцијата за пошти го одби барањето во целост како неосновано. Имено, приговорот беше поднесен против давателот на поштенски услуги **АД „Пошта на Северна Македонија“** поради не добивање на потврда за достава на пакет како и за не добивање на одговор по писмен приговор и не постапување по барање за надомест на штета. Агенцијата утврди дека во законски рок на приговорот подносителот е известен и пратката е доставена до примачот, неоштетена и без забелешки од примачот, но со задоцнување поради специфичната состојба на рестрикции во економскиот живот на земјата.
- Во **УПIбр.02-53** поднесен од правно лице, Агенцијата утврди дека управниот приговор не беше навремен од причина што подносителот- испраќачот на пратки воопшто не поднел посмена рекламација до давателот на поштенски услуги **ДРД КУРИР ДОО Скопје**, со што го изгубил правото од чл.63 според ЗПУ,односно поднесен е приговор без да се запази постапката по што истиот е **отфрлен.** Поврзано со предметот, Друштвото за поштенски и курирски услуги **ЛОКАЛ ПОСТ ДООЕЛ Скопје беше** неовластено правно лице и Агенцијата изврши вонреден надзор по што состави Записник за извршен надзор од страна на овластени лица и Записник за сторен прекршок по чл.80 став (1) и (2) и за сторениот прекршок издаде два платни налози.
- По барањето **УПI бр.02-61** поднесено од правно лице Агенцијата за пошти изготви решение во кое истото **се одбива** во целост како

неосновано.Агенцијата постапувајќи по приговорот утврди дека подносителот поднел писмени приговори по истекот на законскиот рок, и најде дека давателот **ДЕЛЦО ДООЕЛ –Скопје“** ги прифатил приговорите, иако се поднесени по истекот на законскиот рок и донел одлука во корист на подносителот.

Претставките беа евидентирани во Уписникот за предметите по предлози и претставки. Начинот на поднесување на претставките беше преку електронски пат на официјалните e-mail адреси (info@ap.mk и kabinet@ap.mk) и на адресата на Агенцијата за пошти. Имајќи го во предвид фактот дека подносител на претставка може да биде секое физичко или правно лице,во 2020 година 31 (триесет и една) претставка беше поднесена од страна на физички лица, а останатите 4 (четири) беа поднесени од правни субјекти.

Во 2020 година 24 (дваесет и четири) претставки беа поднесени во е-форма, а 11 (единаесет) писмено доставени на адреса на Агенцијата или доставени лично во Агенцијата. 5 (пет) претставки (во писмена форма) беа препратени на надлежност на Агенцијата од страна на Државниот Управен Инспекторат (1 -една преставка ) и 4 (четири) од Државниот Пазарен Инспекторат.




***Поднесени претставки во Агецнијата за пошти во 2020 година***

- 61% од претставките кои што беа поднесени од корисници се однесуваа на услугата на давателот на универзалната услуга. Во неколку од нив корисниците приговараа за начинот на доставување на пратките, но зачестени беа и претставките во кои се бараше информација за статусот на пратките кои се очекуваат од меѓународниот сообраќај. Со целата ситуација со пандемијата, која предизвика и прекин во авионскиот сообраќај, отежнат беше и поштенскиот сообраќај што повлече и доцнење во доставата, но и во

испораката на пратките до крајните корисници односно примачи. По ваквите барања, Агенцијата во коресподенција со давателот на универзалната услуга, навремено ги информираше подносителите за ваквата состојба и им даваше соодветни податоци за предметните пратки.

- Останатите 39% од претставките се однесуваа на работата на другите даватели на поштенски услуги. Во нив основот за незадоволство беше различен, корисниците се жалеа за пробивање на рокот за достава на пратки, пријавуваа губење на пратки и невраќање на откуп од пратките со откупнина. Во 3 (три) претставки, подносителите во својство на примачи се жалеа и реагираа за висината на царинските трошоците кои требало да ги платат по основ примање на меѓународна пратка. Во ваквите случаи, Агенцијата за пошти ги информираше и им посочуваше на подносителите дека царинењето на поштенските пратки се спроведува согласно Царинскиот закон и прифатените меѓународни царински прописи и дека Агенцијата не е надлежна да постапува ниту пак има законска основа да ги разгледува прашањата и барањата кои се поврзани со постапките за царинење и шпедиција.

Вредно е да се потенцира дека бројот на поднесоци до Агенцијата, не ја одразуваше реалната слика, односно истите не значеа конкретно постоење на правен основ за поднесување на претставка или приговор против давателите на поштенски услуги. Напротив во некои од нив се работеше за настанување на одредени околности во поштенскиот сообраќај, во кои давателите на поштенски услуги воопшто не влијаеле да настапат законско - правните последици поради кои се поднесува претставка или приговор.

Покрај писмените обраќања, во Агенцијата се извршени и повеќе телефонски консултации со корисници на поштенски услуги.

## 6.1. Веб -банер кампања за информирање на корисниците на поштенските услуги за реклмационите постапки

Агенцијата за пошти континуирано во своите анализи и статистички извештаи укажува/ше на релативно малиот број на поплаки и приговори од корисници. Основан е аргументот дека нивниот вкупен број во однос на извршениот вкупен обем на поштенски услуги не ја дава реалната слика за проблемите во поштенскиот сектор. Причините за тоа се во ниската свесност за проблемот и недоволната информираност на корисниците на поштенските услуги.

За да се подигне јавната свест на корисниците на поштенските услуги за правата кои законски им се загарантирани, односно им укаже кои правни средства

ги имаа на располагање и како да ги процесуираат, како и да се подобри визуелниот идентитет на Агенцијата за пошти, во 2020 година **Агенцијата започна со подготовки за промовирање на веб- кампања за информирање на корисниците на поштенските услуги за рекламационите постапки пред давателите на поштенски услуги**.Во контекст на ова, преку веб –кампања на економичен и високо ефективен начин се обезбеди присутност, видливост и препознатливост на односните активности на Агенцијата за пошти кај јавноста.

За таа цел, Агенцијата за пошти на крајот на 2020 година спроведе јавна набавка за услуги за изработка на анимирано видео и веб-банер рекламирање на која беше избрана компанија чија основна задача беше да креира идејно решение кое ќе содржи информација ***(Право на поднесување на рекламација –член 63 од ЗПУ)*** која се пласира пред јавноста.

Од идејното решение беше изработено **анимирано видео во 2Д –форма**[6] и истото беше искористено за подготвување на **веб – банер**, кој беше поставен на неколку национални интернет портали. Порталите беа селектирани врз основа на нивниот статус, посетеност и позиционирање на медиумскиот пазар.

## 6.2. Е- **трговијата и поштенските услуги**

Корисниците на поштенски услуги во неколку наврати информираа и за измами во процесот на online трговијата.

Иако, Агенцијата за пошти не е надлежна да постапува по пријави кои се однесуваат за проблеми - измами при пазарење од нерегистрирани online продавници, од причина што при процесот на online пазарењето од ваквите неверодостојни продавници се користат и поштенските услуги, а се со цел да се достават купените производи, Агенцијата за пошти во неколку наврати им укажуваше на потенцијалните купувачи- примачи на пратки да бидат внимателни при изборот на ваквите продавници.

Во таа насока, Агенцијата за пошти изготви текст со препораки – ***Како до безбедно online купување и сигурна достава*** објавен на веб- страницата на Агенцијата за пошти[7].

Со тоа, Агенцијата за пошти им укажа на купувачите -примачи на пратки дека купување од непроверени профили на социјалните мрежи претставува голем ризик и дека **давателите на поштенски услуги не одговараат за содржината на пратката**. Давателите можат да преземат одговорност само за губење или целосно оштетување на пратката, за делумно оштетување или ограбување на истата или пак за пречекорување на рокот за достава.

---

[6] Анимираното видео е промовирано во февруари 2021 година и истото е достапно на www.ap.mk
[7] https://ap.mk/mk/200408-preporaki-od-agencijata-za-poshti-kako-do-bezbedno-onlajn-kupuvane-i-sigurna-dostava

### 6.3. Корисничка ориентираност

Агенцијата за пошти преку својата обновена веб -страница, навремено ги информираше корисниците на поштенските услуги за промените кои настануваа во поштенскиот сектор и во соработка со давателот на универзалната услуга АД„Пошта на Северна Македонија“ ги известуваше корисниците за начинот на размена на поштенски пратки во нашата земја, со земјите во регионот и пошироко.

Разбирањето за потребите на корисниците на поштенски услуги во поглед на достапноста на сите алатки за ефикасна, иновативна и безбедна услуга, Агенцијата во соработка со лиценцираните даватели на поштенски услуги успеа да осигури оптимални услови за да може да ги задоволи новите потреби на корисниците и да се доближи до новите трендови кои се еден инпут во обезбедувањето на квалитетна и безбедна услуга.

Во тој правец, давателот на универзална услуга воведе нова електронска адреса на која корисниците на поштенските услуги на одреден формат можат да поставуваат прашања и да испраќаат приговори кои се поврзани со услугите кои што ги нуди давателот.

Исто така, во индивидуални предмети корисниците беа охрабрени за сите дилеми или незадоволство директно да се обратат до давателот на универзалната услуга и да достават online прашања на веб-страницата на АД„Пошта на Северна Македонија“.

## 7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### 7.1. Јавен состанок на Агенцијата за пошти

Почитувајќи го принципот на транспарентно работење, Агенцијата за пошти своите јавни состаноци ги организираше со цел да им овозможи на сите заинтересирани страни да се информираат за превземените активности и за регулаторните мерки во годината која изминува.

На 25 декември 2020 година, Агенцијата за пошти за прв пат виртуелно го одржа својот Петнаесетиот јавен состанок преку комуникациската платформа zoom. На Јавниот состанок директорката на Агенцијата за пошти ја презентираше работата на Агенцијата за време на пандемијата предизвикана од Ковид 19 вирусот, направи преглед односно рекапитулација на реализираните активности во календарската година, информираше за надлежноста за вршење надзор и ги

презентираше плановите и идните проекти[8]. На јавниот состанок беше презентиран и Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија.

## 7.2. Меѓународна соработка

На полето на меѓународната соработка, Агенцијата за пошти преку свои претставници континуирано учествуваше на видео- конференциски состаноци на работните групи на Европскиот Комитет за поштенска регулација (CERP – независен работен комитет во рамките на CEPT- European Conference of Postal and Telecommunications Administrations). Исто така, Агенцијата учествуваше и на состаноците на работните групи на Европската група на поштенски регулатори (ERGP).

На тој начин, следејќи ги настаните од секторот и во соработка со европските регулаторни тела преку споделување на искуства и со преземање на одредени активности, Агенцијата даде придонес во намалување на влијанието на Ковид 19 врз поштенскиот сектор.

Во текот на 2020 година, Агенцијата за пошти даде поддршка на предлозите на Светскиот Поштенски Сојуз (UPU – Universal Postal Union) за одржувањето на следните состаноци на Конгресот на Светскиот Поштенски Сојуз за избор на директор и заменик директор на овој Сојуз.

Преставници на Агенцијата за пошти земаа активно учество и на јавната работилница за студијата „International postal service, remuneration and regulation“ организирана од страна на ВИК- Консалтиг.

### TAIEX проект

Во текот на 2020 година Агенцијата поднесе апликација за TAIEX проект до Делегацијата на Европска Унија во Скопје и до Секретаријатот за европски прашања. TAIEX проектот беше прифатен и ќе се реализира во втората половина од 2021 година.

Поднесени беа формулари - ANNEX I – IPA III Action Fiche Template до Делегацијата на Европската Унија во Скопје во кој се наведени дел од приоритетите/активностите на Агенцијата за пошти, со цел нивна реализација во рамките на иден проект/помош од страна на ДЕУ.

[8] http://ap.mk/index.php/mk/201228-odrzhana-15-ta-javna-sednica-na-agencijata-za-poshti

## 7.3. Твининг проект „ Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти "

На 02 јуни, со одржување на последната работилница од Компонента 2 која се однесуваше на одредување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоци, модел за пресметка на нето трошоци на универзалната услуга и модел за политика на цени, **официјално заврши Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти".**

Препознавајќи ја потребата од подобрување на регулативата за поштенски услуги во земјата, **Европската Унија**, преку Инструментот за претпристапна помош, го финансираше Твининг проектот "Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти". Времетраењето на проектот беше 18 месеци (декември 2018 - јуни 2020 година).

Главните партнери од земјата-членка на Европската Унија беа Министерството за транспорт, мобилност и урбани работи на Кралството Шпанија, преку министерското одделение за транспорт и јавни работи и Меѓународната Иберо-Американска фондација за администрација и јавни политики (FIIAPP) од Шпанија.

Покрај, Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело, корисници на проектот беа и давателот на универзална услуга. А.Д. Пошта на Северна Македонија и Министерството за транспорт и врски, кои активно учествуваат и имаа големи придобивки и бенефит од самиот проект.

Главната цел на проектот беше јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со барањата кои произлегуваат од националната легислатива, како и од Европската Поштенска Директива.

Твининг проект се состоеше од 5 компоненти, и секоја од нив покриваше различни области од надлежностите на Агенцијата за пошти.

- Првата компонента ја опфати проблематиката на „Креирање на стратешки документи и процедури".
- Втората компонента се однесуваше на одредување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоци, модел за пресметка на нето трошоци на универзалната услуга и модел за политика на цени.,Имплементирањето на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците има значителен бенефит и за регулаторот и за давателот на универзалната услуга.
- Третата компонента се однесуваше и даде придонес кон зајакнување на инспекциската улога на Агенцијата за пошти, со резиме на препораки што може да се применат во Агенцијата за пошти, како дел од Годишната програма за надзор, за полесно справување со предизвиците со кои ќе се соочи Агенцијата во однос на поштенската инспекција при пристапување на

Република Северна Македонија во Европската Унија како рамноправна земја членка.

- Со Четвртата компонента се воспоставија критериуми и регулаторни препораки за инсталирање на куќни поштенски сандачиња, во согласност со стандардот EN 13724. Конечната цел на оваа компонента треба да биде ставена во глобалниот контекст на квалитетот на поштенската услуга. Доколку целта е да се постигне квалитет на испорака споредлив со просекот на земјите од Европската унија, неопходно е граѓаните да имаат поштенски сандачиња што овозможуваат да ги примат своите пратки, избегнувајќи оштетувања при одложувања што значително го влошува квалитетот на доставата.
- Петтата компонента се однесуваше на подобрување на капацитетите за специфична анализа на пазарот, и истата поради состојбата на пандемијата предизвикана од КОВИД 19 вирусот, не беше реализирана.

## *Реализирани активности во рамките на Твининг проектот*

**Десет работилници** кои беа спроведени од лидерите на компонентите од Шпанија, како и „повремени/краткотрајни“ експерти во областа за која беа ангажирани - вработени во Министерството за развој на Шпанија и националниот поштенски оператор *Кореос.*

**Студиска посета – реализирана во првиот квартал**

На крајот од секоја компонента, од страна на експертите беа **изготвени Прирачници** со најдобрите практики, вклучително и шпанското искуство, со препораки за подобрување и потребните предуслови за прилагодување на регулаторна рамка на Агенцијата за пошти.

Во рамките на Твининг проектот, се одржаа и **работни состаноци** со претставници на со членовите на Комисијата за транспорт, врски и екологија при Собранието на Република Северна Македонија, Државниот секретар и претставници од Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија, Генералниот директор и членови на Управниот одбор и стручните служби на компанијата како и со Претседателот на Комисијата на Агенција за пошти и членовите на Комисијата. На состаноците се истакна дека взаемната соработка и размената на информации на сите институции кои во делокругот на своето работење ја имаат поштенската област, поткрепени со придобивките од проектот ќе овозможат заедно да се реализираат предвидените цели. Либерализација на поштенскиот пазар, воведување на посебното сметководство и алокација на трошоците од страна на националниот оператор како и вложување во

поштенскиот сектор се клучните пораки кои се упатија и подржаа од страна на сите учесници на работните средби.

**Јавната кампања** "Твојата пратка во безбедно сандаче" имаше за цел подигање на свеста кај корисниците на поштенски услуги за потребата од поставување куќни поштенски сандачиња. Во член 55 од ЗПУ регулирана е обврската за поставување куќни поштенски сандачиња од страна на корисниците на поштенските услуги.

- *Примачот на поштенските пратки е должен да обезбеди поставување и одржување на куќно поштенско сандаче на влез на семејна или индивидуална станбена зграда, односно на влез на деловен простор, во кое ќе му бидат доставувани поштенските пратки.*
- *Куќното поштенско сандаче треба да го носи бројот (адреса) на семејната или индивидуалната станбена зграда или бројот на деловните простории.*
- *Куќните поштенски сандачиња од ставот (1) на овој член треба да се одржуваат од страна на примачот на начин кој ќе обезбеди сигурна достава на поштенските пратки.*

Оваа кампања се состоеше од реализација на **институционално и промотивно видео** кои беа поставени на најпосетуваните национални веб- страници. Серија **промотивни флаери** беа отпечатени и од страна на давателот на универзалната услуга беа дистрибуирани до корисниците на поштенските услуги односно граѓаните.

# 8. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

## 8.1. Човечки ресурси

### Функционална Анализа

Во насока на јакнење на капацитетите, Агенцијата за пошти спроведе Функционална анализа која претставува законска обврска на институциите од јавниот сектор. Имено, од страна на Смарт Консалтинг Солушн ДОО беше спроведена Функционална анализа, кој согласно договорните обврски достави завршен документ т.е. Извештај од спроведена Функционална Анализа.

Функционалната анализа даде реална и целосна слика на подготвеноста на Агенцијата на краток и среден рок да ги спроведе неопходните подобрувања за подобро вршење на своите основни функции, со што се создаде солидна основа за

редефинирање на приоритетите, редизајнирање на структурата и насочување на административниот капацитет кон остварување на подобри резултати.

Воедно, изработката на Функционалната анализа беше во насока на зајакнување на ефикасноста и ефективноста на Агенцијата.

## Промена на седиштето и деловните простории на Агенцијата

Агенцијата за пошти во 2020 година ги промени деловните простории и седиштето на Агенцијата.

Со промена на деловните простории се обезбедија посоодветни инфраструктурни услови кои придонесуваат за поефикасно и поефективно извршување на работните задачи од страна на вработените. Работните простории се опремени и со современа информатичка и технолошка опрема неопходна за нормално извршување на работните задачи.

**Новиот деловен простор во голема мера придонесе и за подобрување на деловниот имиџ на Агенцијата како независно регулаторно тело основано од државата, имајќи го во предвид фактот дека истиот е подостапен и порепрезентативен.**

## Вработени и обуки

На крајот 2020 година, бројот на вработени во Агенцијата за пошти изнесуваше вкупно 18 лица, од кои еден директор, 14 административни службеници и 3 лица ангажирани на определено време преку Агенција за привремени вработувања.

Во текот на 2020 година немаше вработување на административни службеници, а на двајца вработени со статус на административен службеник спогодбено им престана работниот однос во Агенцијата.

Согласно Годишниот план за обуки за 2020 година одобрен од Министерството за администрација и информатичко општество, во текот на годината, вкупно 6 (шест) вработени посетиле 6 (шест) специјализирани и стручни обуки. Дополнително, во рамките на Твининг проектот за зајакнување на капацитетите на Агенцијата, 11 (единаесет) вработени од Агенција за пошти присуствуваа на 2 (две) стручни работилници од 2 (две) различни компоненти од Твининг проектот. 1 (еден) вработен учествуваше на генеричка обука од областа на административните прописи организирана од страна на Министерството за администрација и информатичко општество.

Во организација на Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ при Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) на 12.02.2020 година се одржа Тркалезна маса на тема: Значењето на регулаторните

институции за изградба на функционална пазарна економија во Република Северна Македонија, на која присуствуваа и свој придонес во дискусијата дадоа претставници од Агенцијата за пошти.

## Плата и надоместоци на плата

Во извештајната година Агенцијата за пошти редовно и навремено исплатуваше плата и надоместоци за вработените - административни службеници, лицата ангажирани на определено време и директорот.

Сите вработени користеа годишен одмор за 2020 година и беше исплатен регрес за годишен одмор.

## Оценување на административните службеници

Во последниот квартал од 2020 година, во законски рок, беше спроведена постапката за оценување на сите 14 (четиринаесет) административни службеници во Агенцијата.Просечната годишна оценка на службениците на ниво на институција беше 4,45.

## Соработка со медиуми

Со цел граѓаните ширум нашата земја да бидат запознаени за актуелните случувања во поштенскиот сектор, Агенцијата за пошти во континуитет преку медиумите имаше можност прецизно и навремено да ја информира јавноста за сите новини и активности.

Во 2020 година во соработка со Медиумската информативна агенција (МИА) како и со други медиуми беа реализирани интервјуа со директорката на Агенцијата за пошти. Преку нив, директорката информираше за работата на поштенските даватели за време на пандемијата, за зголемениот интерес за работа во поштенскиот сектор, за комуникацијата со корисниците на поштенски услуги и заштитата на нивните права, ги презентираше препораките на Агенцијата кои се однесуваат за безбедно онлајн купување и сигурна достава, информираше за сузбивање на сивиот пазар, за либерализацијата на поштенскиот пазар, за соработката на Агенцијата со други институции, за инцијативите, активностите и идните планови како и за други теми поврзани со поштенскиот сектор кои побудуваат интерес кај новинарската фела.

Интервјуата и новинарските текстови беа достапни преку печатените и електронските медиуми.

# 9. РЕГУЛАЦИЈА НА ЦЕНИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА

Согласно ЗПУ, Агенцијата за пошти ги регулира цените на услугите од опфатот на универзалната услуга, при што за секоја промена на цена давателот на универзалната услуга е должен да поднесе барање до Агенцијата кое треба да биде образложено со анализа на трошоци за да се утврди вистинската потреба од промената на цените.

Во 2020 година давателот на универзалната услуга поднесе Барање за одобрување на промени во цените на поштенските услуги од опфатот на универзалната услуга во внатрешниот поштенски сообраќај, во кое се бараше одобрување на промената на цени за два вида поштенски услуги, односно одобрување на новоформираните цени за услугите за стандардизирано и нестандардизирано писмо, двете со маса до 50 грама како прва тежинска стапка, а согласно ново донесената Номенклатура на поштенски услуги од опсегот на универзалната услуга од страна на давателот.

Притоа, за задоволување на принципите за цените на универзалната услуга, пропишани во ЗПУ, давателот на универзалната услуга барањето го поткрепи со анализа на трошоците во која беа опфатени - споредбени прегледи со земјите од окружувањето и земјите од Европската Унија, како и прегледи на главните економски показатели со кои се докажа дека цените се пристапни за сите корисници и дека цените се базирани на трошоци.

Во поглед на принципот на трошковна ориентираност на цените на универзалната услуга, односно принципот цените да бидат базирани на трошоци за ефикасно обезбедување на универзалната услуга, давателот на универзалната услуга барањето го поткрепи со анализа на трошоци, нивна директна распределба и алокација со користење клучеви, со кој е добиен просечниот трошок за писмо до 50 грама кој е еднаков и за стандардизирано и за нестандардизирано писмо, поради постојната техничко – технолошка опременост на давателот. Агенцијата ценеше дека при алокацијата на трошоците се користени адекватни клучеви за распределба на трошоците, дека користените податоци кореспондираат со службените информации на Агенцијата и дека во отсуство на одобрен систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите, давателот на универзалната услуга има издржано и аргументирано образложение за начинот на кој ја извршил пресметката на трошоците за писмо до 50 грама кое кореспондира со барањата на ЗПУ и Правилникот за начинот на водење на посебно сметководство на давателот на универзалната услуга. Притоа, Агенцијата за пошти, користејќи алтернативен метод за распределба на трошоците, изврши и сопствена пресметка на просечниот трошок, што резултираше со износ приближно еднаков до презентираниот од страна на давателот на универзалната услуга, што ја потврди трошковната ориентираност на бараната цена.

Во врска со принципот за пристапност на цените на универзалната услуга за сите корисници на услугите независно од географското подрачје, давателот на универзалната услуга барањето го поткрепи со споредбени прегледи за главните економски показател, особено за цената на писмо во прва тежинска стапка која е меѓу најниските во земјите од окружувањето и Европската Унија.

Агенцијата го зема во предвид и зголемувањето на просечните трошоци по единица услуга, како резултат на намалувањето на приходите на давателот поради сериозниот пад на обемот во претходните години, како и податоците за основните економски индикатори кои влијаат на трошоците на давателот како што се инфлацијата, растот на БДП, растот на цените на горивата и патарините.

Во останатиот дел од барањето, давателот на универзалната услуга бараше одобрување на новиот начин на презентирање на цените за Препорачана пратка – R и Ракување со вредносно писмо, од текстуален во нумерички, при што Агенцијата констатираше дека цените на овие услуги не се менуваат во номинален износ и затоа не подлежат на одобрување од страна на Агенцијата.

Поради сето горенаведено, Агенцијата за пошти донесе Решение со кое се уважи барањето на АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје за промена на цената за обезбедување на поштенска услуга од опфатот на универзалната услуга во внатрешниот поштенски сообраќај и се одобри примена на цена од 25,00 денари за поштенските услуги за стандардизирано и нестандардизирано писмо до 50 грама во внатрешниот поштенски сообраќај.

Во меѓународниот поштенски сообраќај цените на универзалната услуга не се променети во текот на 2020 година.

Цените за големи корисници, давателот на универзалната услуга ги уредува со посебни договори, зависно од условите кои ги исполнуваат корисниците, а во согласност со Правилникот за определување посебни цени за големи корисници на универзална услуга во внатрешниот поштенски сообраќај на АД „ Пошта на Северна Македонија “ – Скопје.

## 10. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА КОМПЕНЗАЦИСКИОТ ФОНД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА

Со оглед на фактот дека заклучно со 31.12.2020 година АД Пошта на Северна Македонија, како давател на универзална услуга, нема поднесено барање за остварување на правото за надоместок на нето трошоците и нема имплементирано систем за посебно сметководство за утврдување на нето трошоците што настанале

со обезбедувањето на универзалната услуга, не беа исполнети основните претпоставки за воспоставување и функционирање на компензацискиот фонд.

И покрај тоа, Агенцијата за пошти Скопје, од аспект на регулативата, има донесено "Одлука за утврдување на висината на минимум бруто приход за задолжени даватели" со која се утврдува висината на минимум бруто приход кој го остваруваат давателите на поштенски услуги, потребна за стекнување статус на задолжен давател кој подлежи на обврската за плаќање во компензацискиот фонд и пропишана „Методологија за утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и начинот на нивното пресметување" со која се утврдуваструктурата на потребните финансиски информации и начинот на пресметување на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга што претставува основа за плаќање на надоместокот на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга.

Овој модел на финансирање, односно надоместување на нето трошоците на универзалната услуга со формирање на компензациски фонд е во согласност со Директивата за поштенски услуги на Европската Унија, меѓутоа скоро и да не се користи во пракса кај земјите од Унијата. Оттука, Агенцијата за пошти во 2020 година, во соработка со експертите од Твининг проектот, работеше на изнаоѓање на друг модел за финансирање на универзалната услуга кој би бил посоодветен на условите на поштенскиот пазар во нашата земја, кој би можел да се имплементира во пракса и би дал реални резултати кои би биле од помош за давателот во обезбедувањето на обврските на универзалната услуга. Притоа, како најсоодветен модел за финансирање на универзалната услуга беше истакнат моделот на државна помош за надоместување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга, кој има широка примена во земјите од Европската Унија. За имплементирање на новиот модел, потребни се законски измени кои ќе бидат иницирани од страна на Агенцијата за пошти во текот на 2021 година.

## 11. СЛЕДЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ПРОЦЕСОТ НА ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ПОСЕБНО СМЕТКОВОДСТВО И АЛОКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ И ПРИХОДИТЕ НА ДАВАТЕЛОТ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА

Имплементацијата на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите е во директна корелација со надлежностите на Агенцијата за регулирање на цените на универзалната услуга, регулирање на цените за пристап до поштенската мрежа, пресметување на нето трошоците за универзалната услуга и спречување на внатрешното субвенционирање на други услуги кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга со приходите остварени од обезбедување на универзалната услуга,.

Во текот на 2020 година Агенцијата за пошти во согласност со своите надлежности преземаше активности за унапредување на регулативата, како и унапредување на условите и можностите за реализација на обврската за имплементација на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите од страна надавателот на универзалната услуга. За таа цел користени беа искуствата од другите регулаторни тела, како и искуствата и препораките добиени од работните групи во рамките на Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP) и Европската група на поштенски регулатори (ERGP) во рамките на Европската комисија. Исто така, во 2020 година Агенцијата активно партиципираше во Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“ каде една од компонентите е и утврдување на соодветен систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите, модел за пресметка на нето трошоците на универзалната услуга и политика на цени. Проектот во голема мера придонесе за унапредување на капацитетите како кај Агенцијата така и кај давателот на универзалната услуга во насока на имплементација на адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите кој ќе биде во согласност со регулативата и препораките на Европската директива. Утврдени беа сите мерки и активности кои треба да се преземат, од аспект на регулативата и од аспект на практичната имплементација кај давателот на универзалната услуга.

Овој процес на имплементација на систем за посебно сметководство е започнат во 2011 година, кога давателот на универзалната услуга до Агенцијата за пошти достави „Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи“, изготвен од давателот на универзалната услуга и надворешна специјализирана компанија.

Доставениот Елаборат беше евалуиран од страна на Агенцијата за пошти и врз основа на активностите и добиените сознанија од евалуацијата, Агенцијата за пошти изработи Мислење за доставениот Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи и истото е доставено до давателот на универзалната услуга. Во Мислењето се наведени позитивните аспекти и недоследностите на доставениот Елаборат и понудени се решенија за надминување на истите и градење на Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга кој ќе одговори на барањата на Правилникот и препораките на Европската директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Давателот на универзалната услуга, во следниот период, треба да преземе активности за надминување на недостатоците на предложениот Елаборат како и активности во насока на имплементирање на препораките од Твининг проектот и да предложи Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците кој ќе одговори на барањата на Законот, Правилникот и препораките на Европската

директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Од друга страна, Агенијата за пошти, во соработка со експертите од Твининг проектот изврши анализа на постојната регулатива за посебно сметководство и во следниот период ќе предложи решенија за измени во регулативата со цел истата да биде соодветна на условите на поштенскиот пазар во нашата земја и на можностите кај давателот на универзалната услуга, што би резултирало со побрза имплементација на соодветен систем за посебно сметководство кај давателот на универзалната услуги.

Целосната имплементација на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ќе се реализира по одобрувањето на системот од страна на независна ревизорска куќа и врз основа на тоа, по добиена согласност од Агенцијата за пошти.

## 12.ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Согласно член 23 од ЗПУ, Агенцијата за пошти, своето работење го финансира од средства остварени од приходите од надоместоците од давателите на поштенски услуги и од донации, заеми и друга финансиска и техничка помош. Вредно е да се напомене дека Агенцијата за пошти има целосна финансиска независност, како еден од основните предуслови за успешно функционирање како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со закон. Имено, Агенцијата за пошти во 2020 година, во најголем дел, се финансираше од надоместоците од давателите на поштенски услуги согласно член 23 од ЗПУ.

Врз основа на добиено писмено Известување од Министерството за финансии со архивски број 07-48746/1 од 19.12.2008 година, кое се однесува на одредбите согласно кои треба да се води сметководството, Агенцијата за пошти го заснова своето сметководствено и финансиско работење, признавањето на приходите и расходите, проценката на билансните позиции и изготвувањето на финансиските и сметководствените извештаи, на Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации, Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации, Законот за данокот на добивка, Законот за персоналниот данок на доход и други прописи кои го уредуваат финансиското работење на Агенцијата.

Од презентираните финансиски извештаи за 2020 година се гледа коректното работење на Агенцијата за пошти која своите активности ги извршува според претходно добро предвидени цели, организирани ресурси и јасни визии.

Финансиското работење се темели на потребите и мисијата на Агенцијата за пошти кои се во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од Законот за поштенските услуги.

Во прилог ги презентираме следните извештаи:

- Финансиски извештај за 2020 година;
- Извештај за извршување на финансискиот план за 2020 година;
- Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2020 и 2019 година;
- Образложение за Финансискиот извештај за 2020 година, Извештајот за извршување на финансискиот план за 2020 година и Споредбените показатели на реализирани приходи и расходи за 2020 и 2019 година;
- Биланс на состојба за период од 01.01.2019 до 31.12.2020 година;
- Биланс на приходите и расходите за период од 01.01.2019 до 31.12.2020 година;
- Белешка за распоредување на резултатот за период од 01.01.2019 до 31.12.2020 година;
- Даночен биланс за непрофитни организации за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година;
- Посебни податоци за државна евиденција за непрофитните организации (Образец ДЕ);
- Структура на приходите по дејности (СПД - Рекапитулар);

Финансиски извештаи за годината која завршува на 31.12.2020 година со Извештај на независниот ревизор.

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ (денари) 2020 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 |
| **72** | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **17,147.00** |
| **720** | **Приходи од камати** | **17,135.00** |
| 72000 | Приходи од камати-жиро сметка | 0.00 |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 17,135.00 |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **12.00** |

| | | |
|---|---|---|
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 12.00 |
| **75** | **Сопствени приходи** | **21,754,862.00** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **21,754,862.00** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 21,754,862.00 |
| **76** | **Други приходи** | **107,899.00** |
| **760** | **Други приходи** | **107,899.00** |
| 7600 | Други приходи | 107,899.00 |
| **77** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **3,191,459.00** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **3,191,459.00** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 3,191,459.00 |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 25,071,367.00 |

2. РАСХОДИ

| **Конто** | **Опис на Конто** | **Реализиран износ (денари) 2020** |
|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 1,816,772.00 |
| **400** | **Потрошени материјали** | **120,044.00** |
| 40000 | Потрошено гориво | 7,990.00 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 28,187.00 |
| 40003 | Други административни материјали | 12,797.00 |
| 40004 | Други потрошени материјали | 200.00 |
| 40010 | Потрошена вода | 6,639.00 |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 15,864.00 |
| 40012 | Весници и списанија | 0.00 |
| 40013 | Стручна литература | 26,968.00 |
| 40021 | Ситен инвентар | 21,399.00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **372,878.00** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 321,419.00 |
| 40102 | Електрична енергија | 51,459.00 |
| **403** | **Други услуги** | **334,975.00** |
| 40301 | Пошта | 23,522.00 |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 4,195.00 |
| 40305 | Телефон и телефакс | 33,126.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 4,519.00 |
| 40307 | Службен весник | 15,500.00 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 40,000.00 |
| 40313 | Други услуги (чистење, изнајмување и сл.) | 135,319.00 |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 1,710.00 |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 3,560.00 |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 31,044.00 |
| 40317 | Поправка и одржување на веб страна | 0.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 42,480.00 |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **8,732.00** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 8,732.00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **169,829.00** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 169,829.00 |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 0.00 |
| **408** | **Наемнини** | **810,314.00** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 790,300.00 |
| 40802 | Наемнини за рекламен простор | 20,014.00 |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | **5,784,890.00** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **41,045.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 37,145.00 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 3,900.00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **47,033.00** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **405,844.00** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **531,568.00** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **1,304.00** |
| **416** | **Членарини** | **3,760.00** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **4,571,288.00** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 20,708.00 |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 59,436.00 |
| 41791 | Други услуги - превод | 0.00 |
| 41709 | Други услуги - систематски преглед | 0.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 2,443,852.00 |
| 41712 | Надомест по договор | 13,500.00 |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 61,284.00 |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 177,000.00 |
| 41722 | Консултантски услуги | 44,180.00 |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 153,000.00 |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 74,975.00 |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,523,353.00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **183,048.00** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 182,991.00 |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 0.00 |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 57.00 |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | **842,336.00** |
| **440** | **Средства за градежни објекти-уредување и адаптација** | **559,049.00** |
| **441** | **Средства за опрема** | **283,287.00** |
| 4410 | Средства за мебел | 170,837.00 |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 82,950.00 |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 0.00 |
| 4410 | Средства за патничко возило | 0.00 |
| 4410 | Средства за останата опрема | 29,500.00 |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | **13,881,504.00** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **13,881,504.00** |

| | | |
|---|---|---|
| 4600 | Основни плати | 9,142,501.00 |
| 4600 | Придонеси од плати | 4,739,003.00 |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 365,039.00 |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **365,039.00** |
| 47001 | Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година | 276,898.00 |
| 47003 | Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 6,804.00 |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 1,500.00 |
| 47006 | Персонален данок - други исплати | 79,837.00 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 22,690,541.00 |
| | **останати расположливи средства** | **2,380,826.00** |

### ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА

### 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ (денари) 2020 | Реализиран износ (денари) 2020 | Споредбен показател на реализиран со планиран износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=4/3*100 |
| **72** | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **2,500,000.00** | **17,147.00** | **0.69%** |
| **720** | **Приходи од камати** | **2,495,000.00** | **17,135.00** | **0.69%** |
| 72000 | Приходи од камати-жиро сметка | 5,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 2,490,000.00 | 17,135.00 | 0.69% |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5,000.00** | **12.00** | **0.24%** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | 12.00 | 0.24% |
| **75** | **Сопствени приходи** | **24,000,000.00** | **21,754,862.00** | **90.65%** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **24,000,000.00** | **21,754,862.00** | **90.65%** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 24,000,000.00 | 21,754,862.00 | 90.65% |
| **76** | **Други приходи** | **1,800,000.00** | **107,899.00** | **5.99%** |
| **760** | **Други приходи** | **1,800,000.00** | **107,899.00** | **5.99%** |
| 7600 | Други приходи | 1,800,000.00 | 107,899.00 | 5.99% |
| **77** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **3,700,000.00** | **3,191,459.00** | **86.26%** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **3,700,000.00** | **3,191,459.00** | **86.26%** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 3,700,000.00 | 3,191,459.00 | 86.26% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 32,000,000.00 | 25,071,367.00 | 78.35% |

2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ (денари) 2020 | Реализиран износ (денари) 2020 | Споредбен показател на реализиран со планиран износ |
|---|---|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 2,958,000.00 | 1,816,772.00 | 61.42% |
| **400** | **Потрошени материјали** | **422,000.00** | **120,044.00** | **28.45%** |
| 40000 | Потрошено гориво | 72,000.00 | 7,990.00 | 11.10% |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 120,000.00 | 28,187.00 | 23.49% |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 | 12,797.00 | 42.66% |
| 40004 | Други потрошени материјали | 30,000.00 | 200.00 | 0.67% |
| 40010 | Потрошена вода | 40,000.00 | 6,639.00 | 16.60% |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 20,000.00 | 15,864.00 | 79.32% |
| 40012 | Весници и списанија | 10,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 40013 | Стручна литература | 50,000.00 | 26,968.00 | 53.94% |
| 40021 | Ситен инвентар | 50,000.00 | 21,399.00 | 42.80% |
| **401** | **Потрошена енергија** | **480,000.00** | **372,878.00** | **77.68%** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 350,000.00 | 321,419.00 | 91.83% |
| 40102 | Електрична енергија | 130,000.00 | 51,459.00 | 39.58% |
| **403** | **Други услуги** | **613,000.00** | **334,975.00** | **54.65%** |
| 40301 | Пошта | 60,000.00 | 23,522.00 | 39.20% |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 15,000.00 | 4,195.00 | 27.97% |
| 40305 | Телефон и телефакс | 42,000.00 | 33,126.00 | 78.87% |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 72,000.00 | 4,519.00 | 6.28% |
| 40307 | Службен весник | 20,000.00 | 15,500.00 | 77.50% |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 41,000.00 | 40,000.00 | 97.56% |
| 40313 | Други услуги (чистење, изнајмување и сл.) | 140,000.00 | 135,319.00 | 96.66% |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 36,000.00 | 1,710.00 | 4.75% |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 36,000.00 | 3,560.00 | 9.89% |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 36,000.00 | 31,044.00 | 86.23% |
| 40317 | Поправка и одржување на веб страна | 72,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 43,000.00 | 42,480.00 | 98.79% |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **30,000.00** | **8,732.00** | **29.11%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 30,000.00 | 8,732.00 | 29.11% |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **470,000.00** | **169,829.00** | **36.13%** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 240,000.00 | 169,829.00 | 70.76% |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 230,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| **408** | **Наемнини** | **943,000.00** | **810,314.00** | **85.93%** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 920,000.00 | 790,300.00 | 85.90% |
| 40802 | Наемнини за рекламен простор | 23,000.00 | 20,014.00 | 87.02% |
| **41** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **9,508,000.00** | **5,784,890.00** | **60.84%** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **59,000.00** | **41,045.00** | **69.57%** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 48,000.00 | 37,145.00 | 77.39% |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 11,000.00 | 3,900.00 | 35.45% |
| **412** | **Премии за осигурување** | **60,000.00** | **47,033.00** | **78.39%** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **2,300,000.00** | **405,844.00** | **17.65%** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **800,000.00** | **531,568.00** | **66.45%** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **8,000.00** | **1,304.00** | **16.30%** |
| **416** | **Членарини** | **5,000.00** | **3,760.00** | **75.20%** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **5,970,000.00** | **4,571,288.00** | **76.57%** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 30,000.00 | 20,708.00 | 69.03% |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 60,000.00 | 59,436.00 | 99.06% |
| 41791 | Други услуги - превод | 72,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41709 | Други услуги - систематски преглед | 6,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 2,520,000.00 | 2,443,852.00 | 96.98% |
| 41712 | Надомест по договор | 155,000.00 | 13,500.00 | 8.71% |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 144,000.00 | 61,284.00 | 42.56% |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 177,000.00 | 177,000.00 | 100.00% |
| 41722 | Консултантски услуги | 730,000.00 | 44,180.00 | 6.05% |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 181,000.00 | 153,000.00 | 84.53% |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 320,000.00 | 74,975.00 | 23.43% |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,575,000.00 | 1,523,353.00 | 96.72% |
| **418** | **Останати други расходи** | **306,000.00** | **183,048.00** | **59.82%** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 300,000.00 | 182,991.00 | 61.00% |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 5,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 1,000.00 | 57.00 | 5.70% |
| **44** | **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **1,824,000.00** | **842,336.00** | **46.18%** |
| **440** | **Средства за градежни објекти-уредување и адаптација** | **560,000.00** | **559,049.00** | **99.83%** |
| **441** | **Средства за опрема** | **1,264,000.00** | **283,287.00** | **22.41%** |
| 4410 | Средства за мебел | 171,000.00 | 170,837.00 | 99.90% |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 83,000.00 | 82,950.00 | 99.94% |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 30,000.00 | 0.00 | 0.00% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4410 | Средства за патничко возило | 922,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4410 | Средства за останата опрема | 58,000.00 | 29,500.00 | 50.86% |
| **46** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **17,235,000.00** | **13,881,504.00** | **80.54%** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **17,235,000.00** | **13,881,504.00** | **80.54%** |
| 4600 | Основни плати | 11,358,000.00 | 9,142,501.00 | 80.49% |
| 4600 | Придонеси од плати | 5,877,000.00 | 4,739,003.00 | 80.64% |
| **47** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **475,000.00** | **365,039.00** | **76.85%** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **475,000.00** | **365,039.00** | **76.85%** |
| 47001 | Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година | 280,000.00 | 276,898.00 | 98.89% |
| 47003 | Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 16,000.00 | 6,804.00 | 42.53% |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 17,000.00 | 1,500.00 | 8.82% |
| 47006 | Персонален данок - други исплати | 162,000.00 | 79,837.00 | 49.28% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 32,000,000.00 | 22,690,541.00 | 70.91% |
| | останати расположливи средства | 0.00 | 2,380,826.00 | |

## Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2020 и 2019 година
## Агенција за пошти Скопје

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2020 | Реализиран износ 2019 | споредбен показател на реализиран износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 17,147.00 | 2,307,335.00 | 0.74% |
| 720 | Приходи од камати | 17,135.00 | 2,307,185.00 | 0.74% |
| 721 | Приходи од позитивни курсни разлики | 12.00 | 150.00 | 8.00% |
| 75 | Сопствени приходи | 21,754,862.00 | 22,192,746.00 | 98.03% |
| 750 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги | 21,754,862.00 | 22,192,746.00 | 98.03% |
| 76 | Други приходи | 107,899.00 | 66,263.00 | 162.83% |
| 760 | Други приходи | 107,899.00 | 66,263.00 | 162.83% |
| 77 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 3,191,459.00 | 2,695,324.00 | 118.41% |
| 770 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 3,191,459.00 | 2,695,324.00 | 118.41% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 25,071,367.00 | 27,261,668.00 | 91.97% |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2020 | Реализиран износ 2019 | споредбен показател на реализиран износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 1,816,772.00 | 1,305,517.00 | 139.16% |
| 400 | Потрошени материјали | 120,044.00 | 270,710.00 | 44.34% |
| 401 | Потрошена енергија | 372,878.00 | 451,204.00 | 82.64% |
| 403 | Други услуги | 334,975.00 | 324,895.00 | 103.10% |
| 404 | Превозни - транспортни услуги | 8,732.00 | 13,268.00 | 65.81% |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 169,829.00 | 163,663.00 | 103.77% |
| 408 | Наемнини | 810,314.00 | 81,777.00 | 990.88% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 5,784,890.00 | 6,456,605.00 | 89.60% |
| 410 | Провизија за платен промет | 41,045.00 | 47,706.00 | 86.04% |
| 412 | Премии за осигурување | 47,033.00 | 47,662.00 | 98.68% |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 405,844.00 | 1,261,618.00 | 32.17% |
| 414 | Надоместоци на трошоци на работници | 531,568.00 | 705,303.00 | 75.37% |
| 415 | Негативни курсни разлики | 1,304.00 | 4,509.00 | 28.92% |
| 416 | Членарини | 3,760.00 | 0.00 | |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 4,571,288.00 | 4,225,343.00 | 108.19% |
| 418 | Останати други расходи | 183,048.00 | 164,464.00 | 111.30% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 842,336.00 | 35,940.00 | 2343.73% |
| 440 | Средства за градежни објекти-уредување и адаптација | 559,049.00 | 0.00 | 0.00% |
| 441 | Средства за опрема | 283,287.00 | 35,940.00 | 788.22% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 13,881,504.00 | 15,662,771.00 | 88.63% |
| 460 | Вкалкулирани плати | 13,881,504.00 | 15,662,771.00 | 88.63% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 365,039.00 | 397,449.00 | 91.85% |
| 470 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 365,039.00 | 397,449.00 | 91.85% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 22,690,541.00 | 23,858,282.00 | 95.11% |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | 2,380,826.00 | 3,403,386.00 |

Во врска со Финансискиот Извештај за 2020 година, Извештајот за извршување на Финансискиот план за 2020 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2020 и 2019 година на Агенцијата за пошти, Ви го презентираме следното ОБРАЗЛОЖЕНИЕ за приходните и расходните ставки одделно:

## 12.1. Реализирани приходи

Агенцијата за пошти во 2020 година реализираше приходи во вкупен износ од 25.071.367 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 78,35% и помала реализација во однос на 2019 година за 8,03%. Одделно по ставки се реализирани следниве приходи:

- **Приходите од камати и позитивни курсни разлики (конто 720 и 721)** се реализирани во износ од 17.135 денари (0,69% од планираниот износ во Финансискиот план за 2020 година и за 99,26% помалку од реализираниот износ во 2019 година). Оваа ставка опфаќа приходи од камата од средствата на банкарската сметка на Агенцијата, приходи од камати за задоцнето плаќање на давателите на поштенските услуги и приходи од позитивни курсни разлики при девизното работење на Агенцијата. Значително помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на реализираниот износ во 2019 година и планираниот износ во 2020 година е резултат на фактот што во 2020 година се наплатени само мал дел од побарувањата за камати за задоцнето плаќање од давателите на поштенски услуги. Исто така, влијание има и помалиот износ на реализирани приходи од позитивни курсни разлики поради малиот обем на девизно работење, односно поради реализацијата на мал дел од планираните службени патувања во странство.
- **Контото 750 – Сопствени приходи – приходи од годишен надомест од давателите на поштенски услуги** е реализирано во износ од 21.754.862 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2019 година од 90,65% и помала реализација во однос на 2019 година за 1,97%. Оваа приходна ставка вклучува Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за тековната година во износ од 20.584.561 денари и Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за претходните години во износ од 1.170.301 денари. Помалата реализација во однос на 2019 година е резултат на фактот што давателите на поштенските услуги, пред се давателот на универзалната услуга, до крајот на 2020 година не ги исполнија во целост обврските кон Агенцијата за пошти за годишните надоместоци за 2020 година.
- **Другите приходи - конто 760** се со реализација од 107.899 денари, (5,99% од планираниот износ во Финансискиот план за 2020 година и за 62,83% повеќе од реализираниот износ во 2019 година). Во 2020 година оваа ставка опфаќа приходи од поврат на претходно исплатени средства за финансирање на специјалистички студии од страна на вработен, поради престанок на работниот однос со Агенцијата. Поголемата реализација на оваа приходна ставка во однос на 2019 година е резултат на фактот што во 2019 година не се реализираа овој вид на приходи, односно се реализираа само приходи од надоместок на патните трошоци за службени патувања на вработените во Агенцијата од страна на организаторот. Вредно е да се истакне дека во 2020 и

2019 година, Агенцијата нема добиено никаква донација или финансиска поддршка за своето работење.

- **Контото 770 - Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** е реализирано во износ од 3.191.459 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2020 година од 86,26% и поголема реализација во однос на 2019 година за 18,41%. Средствата од оваа приходна ставка претставуваат нереализирани средства од 2019 година кои се пренесуваат како приход во 2020 година врз основа на член 23 од ЗПУ. Овие средства се користат за основните финансиски потреби на Агенцијата во текот на првите месеци од годината, додека не се наплатат тековните надоместоци од давателите на поштенските услуги.

## 12.2. Реализирани расходи

Агенцијата за пошти во 2020 година реализираше расходи во вкупен износ од 22.690.541 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 70,91% и помала реализација во однос на 2019 година за 4,89%. Одделно по ставки се реализирани следниве расходи:

- **Потрошени материјали (конто 400)** во износ од 120.044 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 28,45% и помала реализација во однос на 2019 година за 55,66%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за гориво за службените возила на Агенцијата, канцелариски материјали, вода, комунални услуги, стручна литература за потребите на работењето, ситен инвентар и други потрошени и административни материјали. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на помалите направени трошоци за гориво, канцелариски материјал, комунални услуги и ситен инвентар во 2020 година.
- **Потрошена енергија (конто 401)** во износ од 372.878 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 77,68% и помала реализација во однос на 2019 година за 17,36%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за кондиционирање (греење-ладење) и трошоци за електрична енергија за деловните простории на Агенцијата за пошти кои се наоѓаат во Градскиот Трговски Центар во Скопје. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година се должи помалите трошоци за електрична енергија, како резултат на промената на деловните простории на Агенцијата за пошти.
- Расходи за **други услуги (конто 403)** реализирани во износ од 334.975 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 54,65% и поголема реализација во однос на 2019 година за 3,10%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за поштенски услуги, интернет и фиксна телефонија за потребите на редовното работење, регистрација и надомест за паркинг простор на службените возила на Агенцијата, трошоци за копирање, печатење и издавање, расходи за поправка, сервис и одржување на опремата на

Агенцијата, расходи за годишна претплата на Службен весник и други услуги (изнајмување, чистење на деловните простории и сл.). Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на поголемите трошоци за дезинфекција на деловните простории и трошоците за одржување на опремата на Агенцијата.

- **Превозни – транспортни услуги (конто 404)** во износ од8.732 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 29,11% и помала реализација во однос на 2019 година за 34,19%. Оваа расходна ставка вклучува патни трошоци и трошоци за транспортни услуги за потребите на редовното работење на Агенцијата. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на помалите трошоци за превоз за потребите на службените патувања во странство. Имено, намалениот број на службени патувања во странство предизвика и помали трошоци за превоз од и до Меѓународниот аеродром Скопје.
- **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405)** во износ од 169.829 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 36,13% и поголема реализација во однос на 2019 година за 3,77% или 6.166 денари. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за угостителски услуги, трошоци за храна, пијалаци и средства за хигиена и трошоци за подароци. Сите овие се трошоци за претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор како и презентирање и информирање на јавноста за постоењето на Агенцијата и нејзините надлежности и работење, во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги. Во текот на 2020 година беа организирани голем број на средби и состаноци со заинтересираните страни од поштенскиот сектор, а особено со учесниците на Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на поголемите трошоци за печатење на репрезентативен материјал за претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор како и презентирање и информирање на јавноста за постоењето на Агенцијата и нејзините надлежности и работење, во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги.
- **Расходи за наемнини (конто 408)** реализирани во износ од 810.314 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 85,93% и поголема реализација во однос на 2019 година за 890,88% или 728.537 денари. Оваа расходна ставка вклучува расходи за наемнини за рекламен простор и расходи за наемнини на новите деловни простории. Имено, во Февруари 2020 година, Агенцијата склучи договор за закуп на нови деловни простории во Градскиот Трговски Центар Скопје, поради фактот што претходните деловни простории не можеа во целост да одговорат на потребите за

нормално деловно работење, на зголемениот број на вработени, како и на основните хигиенски потреби (тоалет и вода), а влијаеа и на деловниот имиџ на Агенцијата како независно регулаторно тело основано од државата, имајќи го во предвид фактот дека во претходните деловни простории се влегуваше низ кафетерија. Новите деловни простории Агенцијата ги обезбеди во Февруари 2020 година, што е и причина за поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година.

- **Провизија за платен промет (конто 410)** во износ од 41.045 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 69,57% и помала реализација во однос на 2019 година за 13,96%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за банкарски провизии за платен промет и купопродажба на девизи за службени патувања во странство. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на помалите трошоци за провизија за купопродажба на девизи, поради помалиот број на реализирани службени патувања во странство.
- **Премии за осигурување (конто 412)** во износ од 47.033 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 78,39% и помала реализација во однос на 2019 година за 1,32% или 629 денари. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за осигурување на деловните простории, опремата, службените возила и трошоци за колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата за пошти.
- Расходите за **дневници за службени патувања и патни трошоци (конто 413)** се реализирани во износ од 405.844 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 17,65% и помала реализација во однос на 2019 година за 67,83%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за авио билети, сместување, дневници и други споредни расходи поврзани со службените патувања на вработените во Агенцијата. Имено, вработените во Агенцијата активно учествуваат на состаноците и работните групи организирани од Европскиот Комитет за поштенска регулација CERP, во работните активности на Европската група на поштенски регулатори (ERGP) и во работата на Административниот совет и стратешките конференции во рамките на Светскиот поштенски Сојуз (UPU) како ина други предвидени состаноци во земјата и странство. Исто така, на оваа расходна ставка се вклучени и трошоците направени за службени патувања во земјата (обуки, надзор кај даватели на поштенски услуги и сл.). Сепак, во 2020 година се реализирани мал обем од планираните службени патувања, поради фактот што најголем дел од состаноците беа откажани или се одржаа online како резултат на Ковид 19 пандемијата. Оттука и помалиот реализиран износ на оваа расходна ставка во однос на реализацијата на истата во 2019 година како и во однос на планираниот износ за 2020 година.

- **Надоместоци на трошоци на работници (конто 414)** во износ од 531.568 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 66,45% и помала реализација во однос на 2019 година за 24,63%. Оваа расходна ставка вклучува надоместоци на вработените предвидени во Колективниот договор на Агенцијата за пошти (регрес за годишен одмор, јубилејна награда, помош за смрт, елементарни непогоди и сл.).
- **Негативни курсни разлики (конто 415)** во износ од 1.304 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 16,30% и помала реализација во однос на 2019 година за 71,08% или 3.205 денари. Оваа ставка вклучува расходи кои се јавуваат при купопродажба на девизи за службените патувања во странство и при плаќање на фактури добиени од добавувачи од странство. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на помалиот број на реализирани службени патувања во странство.
- Расходи за **членарини (конто 416)** во износ од 3.760 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 75,20%. Оваа ставка вклучува расходи за членарина на Агенцијата во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија. На оваа расходна ставка немаше реализација во 2019 година.
- Расходи за **интелектуални и други услуги (конто 417)** реализирани во износ 4.571.288 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 76,57% и поголема реализација во однос на 2019 година за 8,19%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата во согласност со Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата, ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата од страна на надворешен и независен ревизор, расходи за консултантски услуги, расходи за истражување на пазарот, надомест по договор за дело за потребите на редовното работење на Агенцијата, расходи за обуки за стручно усовршување согласно Законот за административни службеници, расходи за привремени вработувања ангажирани преку Агенција за привремени вработувања и други услуги (хост за интернет страна, превод, фотографирање, монтажа). Поголемата реализација во однос на 2019 година се должи на поголемата реализација на расходните ставки за услуги за хост на веб страната на Агенцијата, за консултантски услуги за изработка на Функционална анализа (нема расходи во 2019 година), за услуги за истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга (нема расход за 2019 година), како и на поголемата реализација на расходите за услуги за ангажирање на вработени преку Агенција за привремени вработувања.
- **Останатите други расходи (конто 418)** се реализирани во износ од 183.048 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 59,82% и

поголема реализација во однос на 2019 година за 11,30% или 18.584 денари. Оваа расходна ставка вклучува расходи за објавување на огласи, набавка на стандарди, адвокатски услуги, трошоци за присилна наплата на побарувања, камати за придонеси и даноци од плати и камати за задоцнето плаќање, како и останати расходи кои не се опфатени со другите расходни групи. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на трошоците за изработка на идеен проект и трошоците за стручен и технички надзор над уредувањето и адаптацијата на новите деловни простории на Агенцијата (за овие расходи нема реализација во 2019 година).

- **Средствата за градежни објекти – уредување и адаптација – конто 440** се реализирани во износ од 559.049 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 99,83%. Оваа расходна ставка вклучува реализирани трошоци за уредување и адаптација на новите деловни простории на Агенцијата за пошти. Во 2019 година на оваа расходна ставка немаше реализација.
- **Средствата за опрема (конто 441)** се реализирани во износ од 283.287 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 22,41% и поголема реализација во однос на 2019 година за 688,22% или 247.347 денари. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за набавка на компјутерска опрема (компјутери и принтери), набавка на телефонска централа и трошоци за набавка на канцелариски мебел. Значително поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на фактот што во 2019 година Агенцијата имаше реализација само на набавка на компјутерска опрема за замена на дотраените компјутери и принтери, додека пак во 2020 година се реализираа набавки соодветни на потребите на новиот деловен простор (мебел и телефонска централа), како и споменатата набавка за замена на дотраената компјутерска опрема.
- **Расходите за плати и надомести на плати (конто 460)** се реализирани во износ од 13.881.504 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 80,54% и помала реализација во однос на 2019 година за 11,37%. Согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти основната плата на вработените во Агенцијата се пресметува како производ на бројот на бодови за секое работно место во групата на работни места и вредноста на бодот за пресметување на основната плата утврдена со Одлука на Комисијата на Агенцијата за пошти и одобрена од страна на Собранието на Република Македонија. Помалиот реализиран износ на оваа расходна ставка во однос на 2019 година, во најголем дел е резултат на фактот што во текот на 2020 година на двајца вработени спогодбено им престана работниот однос во Агенцијата, како и на разликите во расходите за плати кои се јавуваат при користење на боледувања, породилно отсуство, неплатено отсуство и слично.

**Расходите за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот (конто 470)** се реализирани во износ од 365.039 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 76,85% и помала реализација во однос на 2019 година за 8,15%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за персонален данок за надоместокот на Комисијата на Агенцијата, персонален данок за надоместоците за користење на сопствено возило во службени цели кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата, персонален данок за надоместоците по основ на договор на дело, персонален данок за надоместоците исплатени согласно Колективен договор и други исплати. Помалиот реализиран износ на оваа расходна ставка во однос на 2019 година е резултат на помалата реализација на расходите за персонален данок за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти и за надоместоците по основ на договор за дело.

Врз основа на Финансискиот Извештај за 2020 година, Извештајот за извршување на финансискиот план за 2020 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2020 и 2019 година на Агенцијата за пошти може да се констатира дека во 2020 година Агенцијата за пошти реализираше приходи во вкупен износ од 25.071.367 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 78,35% и помала реализација во однос на 2019 година за 8,03% и расходи во вкупен износ од 22.690.541 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 70,91% и помала реализација во однос на 2019 година за 4,89%.

Главна причина за помалата реализација на Финансискиот план за 2020 година, како и помалата реализација во однос на 2019 година, е Ковид 19 пандемијата. Имено, влијанието на пандемијата и околностите кои истата ги предизвика, резултираше со неможност за реализација на сите планирани активности во Годишната програма за работа на Агенцијата за 2020 година, а секако влијаеше и на наплатата на приходите од давателите на поштенските услуги.

Оттука, на расходната страна може да се нотифицира помала реализација во однос на 2019 година кај поголемиот дел од расходните ставки, и тоа:

- Конто 400 – Потрошени материјали за 55,66%,
- Конто 401 – Потрошена енергија за 17,36%,
- Конто 404 – Превозни – транспортни услуги за 34,19%,
- Конто 410 – Провизија за платен промет за 13,96%,
- Конто 412 – Премии за осигурување за 1,32%,
- Конто 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци за 67,83%,
- Конто 414 – Надоместоци на трошоци на работници за 24,63%,
- Конто 415 – Негативни курсни разлики за 71,08%,
- Конто 460 – Вкалкулирани плати за 11,37% и
- Конто 470 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот за 8,15%.

Поголема реализација на расходната страна, во 2020 година во однос на реализацијата во 2019 година, може да се забележи кај следните расходни ставки:

- Конто 403 – Други услуги за 10.080 денари или 3,10%, како резултат на поголемите трошоци за дезинфекција на деловните простории и трошоците за одржување на опремата на Агенцијата.
- Конто 405 – Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 6.166 денари или 3,77%, како резултат на поголемите трошоци за печатење на репрезентативен материјал за претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор како и презентирање и информирање на јавноста за постоењето на Агенцијата и нејзините надлежности и работење, во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги.
- Конто 408 – Наемнини за 890,88%, како резултат на тоа што во Февруари 2020 година, Агенцијата склучи договор за закуп на нови деловни простории во Градскиот Трговски Центар Скопје, поради фактот што претходните деловни простории не можеа во целост да одговорат на потребите за нормално деловно работење, на зголемениот број на вработени, како и на основните хигиенски потреби (тоалет и вода), а влијаеа и на деловниот имиџ на Агенцијата како независно регулаторно тело основано од државата, имајќи го во предвид фактот дека во претходните деловни простории се влегуваше низ кафетерија. Новите деловни простории Агенцијата ги обезбеди во Февруари 2020 година, што е и причина за поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2019 година.
- Конто 416 – Членарини за 3.760 денари, поради фактот што на оваа расходна ставка немаше реализација во текот на 2019 година. Имено, станува збор за расходи за членарина на Агенцијата во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.
- Конто 417 – Интелектуални и други услуги за 8,19%, како резултат на поголемата реализација на расходните ставки за услуги за хост на веб страната на Агенцијата, за консултантски услуги за изработка на Функционална анализа (нема расходи во 2019 година), за услуги за истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга (нема расход за 2019 година), како и на поголемата реализација на расходите за услуги за ангажирање на вработени преку Агенција за привремени вработувања.
- Конто 418 – Останати други расходи за 18.584 денари или 11,30%, како резултат на поголемите трошоци за изработка на идеен проект и трошоци за стручен и технички надзор над уредувањето и адаптацијата на новите

деловни простории на Агенцијата (за овие расходи нема реализација во 2019 година).

- Конто 440 – Средства за градежни објекти и адаптација за 559.049 денари, поради фактот што на оваа расходна ставка немаше реализација во текот на 2019 година. Имено, станува збор за расходи за уредување и адаптација на новите деловни простории на Агенцијата за пошти.
- Конто 441 – Средства за опрема за 688,22% или 247.347 денари, како резултат на фактот што во 2019 година Агенцијата имаше реализација само на набавка на компјутерска опрема за замена на дотраените компјутери и принтери, додека пак во 2020 година се реализираа набавки соодветни на потребите на новиот деловен простор (мебел и телефонска централа), како и споменатата набавка за замена на дотраената компјутерска опрема.

ЕМБС: 06381049
Целосно име: Агенција за пошти Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2020

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **201** | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 1.305.517,00 | | | 1.816.772,00 |
| **202** | - - Потрошени материјали | 270.710,00 | | | 120.044,00 |
| **203** | - - Потрошена енергија | 451.204,00 | | | 372.878,00 |
| **204** | - - Други услуги | 324.895,00 | | | 334.975,00 |
| **205** | - - Превозни и транспортни услуги | 13.268,00 | | | 8.732,00 |
| **206** | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 163.663,00 | | | 169.829,00 |
| **209** | - - Наемнини | 81.777,00 | | | 810.314,00 |
| **211** | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 6.456.605,00 | | | 5.784.890,00 |
| **212** | - - Провизија за платен промет | 47.706,00 | | | 41.045,00 |
| **214** | - - Премии за осигурување | 47.662,00 | | | 47.033,00 |
| **215** | - - Дневници за службено патување | 1.261.618,00 | | | 405.844,00 |
| **216** | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 705.303,00 | | | 531.568,00 |
| **217** | - - Негативни курсни разлики | 4.509,00 | | | 1.304,00 |
| **218** | - - Членарини | | | | 3.760,00 |
| **219** | - - Други расходи | 4.389.807,00 | | | 4.754.336,00 |
| **222** | - - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225) | 35.940,00 | | | 842.336,00 |
| **223** | - - Средства за градежни објекти | | | | 559.049,00 |
| **224** | - - Средства за опрема | 35.940,00 | | | 283.287,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 15.662.771,00 | | | 13.881.504,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 15.662.771,00 | | | 13.881.504,00 |
| 233 | - - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 397.449,00 | | | 365.039,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 23.858.282,00 | | | 22.690.541,00 |
| 236 | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 3.403.386,00 | | | 2.380.826,00 |
| 237 | - - Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 211.927,00 | | | 207.549,00 |
| 238 | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 3.191.459,00 | | | 2.173.277,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 27.261.668,00 | | | 25.071.367,00 |
| 243 | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 2.307.335,00 | | | 17.147,00 |
| 246 | - - Сопствени приходи | 22.192.746,00 | | | 21.754.862,00 |
| 247 | - - Други приходи | 66.263,00 | | | 107.899,00 |
| 248 | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 2.695.324,00 | | | 3.191.459,00 |
| 250 | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 27.261.668,00 | | | 25.071.367,00 |
